### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Од 2019/2020 година со новиот Закон за основно образование во реализација на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение, освен одделенскиот наставник, се вклучува и предметен наставник. Од минатата учебна година се вклучува сукцесивно, односно ,освен во прво одделение , предметен наставник заедно со одделенскиот наставник реализираат тандем настава по физичко и здравствено образование и во прво ,второ , трето и четврто одделение. Од оваа учебна година ќе се вклучи предметен наставник и во петто одделение.

### 8.9. Изборна настава

На крајот од минатата учебна година преку анкетни листови со понудени изборни предмети на кои требаа да се потпишат нивните родители, учениците имаат можност да изберат изборен предмет кој ќе го изучуваат во текот на оваа учебна година. Учениците од седмо одделение го избраа предметот Вештини за живеење. Учениците од осмо одделение го избраа предметот Проекти од информатика, а учениците од деветто одделение ќе го изучуваат предметот Програмирање. Исто така, учениците од шесто одделение како втор странски јазик имаа можност да избираат помеѓу германски и италјански јазик. Оваа година во шесто одделение ќе се изучува само германскиот јазик.

Според новата Концепција за основно образование , во првиот образовен период (од прво до трето одд.), слободните изсборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник, задолжен за паралелката во договор со учениците. На учениците од четврто, петто и шесто одделение оваа учебна година им се нуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети:

1. Изборни предмети за проширsвање/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети
2. Изборни предмети за подршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети
3. Изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците
4. Изборни предмети од спортско – рекреативен карактер

Учениците избираат два слободни изборни предмети во текот на една учебна година, еден за прво полугодие, еден за второ полугодие.

При крајот на учебната година се спроведе анкета за заинтересираноста на учениците по подрачјата од секоја категорија и во првата недела од септември врз основа на добиените резултати ќе се формираат листа со слободни изборни предмети од кои учениците ќе изберат два предмета.

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителна настава се изведува по сите наставни предмети, каде што се јавува потреба од истата. Дополнителна настава се организира за учениците кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, особено ако имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет или пак на барање на ученикот или неговите родители, односно старател. Пред вклучување на ученикот во дополнителна настава задолжително се информира родителот. Распоредот за дополнителна настава , наставниците имаат обврска да го изготвуваат на месечна основа , за секој нареден месец и овој распоред е истакнат јавно на огласна табла во училиштето

### 8.11. Додатна настава

Додатна настава се изведува со оние ученици кои покажуваат интерес за проширување на своето знаење, односно оние ученици кои покажуваат, постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Таа се реализира по изготвен план и програма од страна на наставниците, кој план и програма се доставува до стручната служба од страна на наставниците.Распоредот за додатна настава е во согласност и прилагоден со распоредот за задолжителната настава.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

**Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефект (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дефинирање на поимот надареност** | Да се дефинира поимот надареност | Стручна служба Наставници | Септември | Стручна литература | Правилно дефинирање на поимот надаренос |
| **Донесување на програма за работа** | Осмислување на текот на активностите | Наставници | Септември | Стручна литература | Успешно изработе годишна програм за работа |
| **Препознавање и идентификација на надарените ученици** | Да се идентификуваат надарените ученици | Наставници | Октомври | Скала на проценка | Идентификација н надарените учени |
| **Препознавање и идентификација на видот на талентот** | Да се препознае видот и талентот кај учениците | Наставници | Ноември | Прашалници за ученици и наставници | Идентификација н видот на таленто |
| **Откривање на карактеристиките на надарените ученици** | Да се откријат карактерстки те на талентот | Наставници Стручна служба | Декември | Тестови за интелигенција | Откриени карактеристики н талентот |
| **Практична работа со надарените** | Работа во редовната настава, | Наставници | | Стручна литература | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ученици во зависност од видот на надареноста** | додатна настава, работилници | Стручна служба | Во текот на годината | Интернет | Развивање на надареноста кај учениците |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

**Индивидуализирани програми за работа со ученици со посебни образовни потреби**

Инклузивниот тим во ООУ ,,Никола Карев” се сплотува со работата на останатите тимови од училиштето и успешно ја извршува својата работа.

| ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ | |
|---|---|
| **Координатор** | Голубина Алексова |
| **Заменик координатор** | Атинка Б.Стојчевска |
| **Членови** | Марија Богатиновска, Ангела Николова |
| **Стручни соработници** | Наташа Пановска , Атинка Б. Стојчевска |

**Цели:**

- Вклучување на децата со ПОП во редовна настава;
- Индивидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците, наставниците и стручната служба;
- Зголемена и активна вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби;
- Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите и потребите на секој ученик.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извор/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очек ани ефек |
|---|---|---|---|---|---|
| Состанок на тимот, изготвување на Програма за работа во учебната 2019/2020 | Август 2023 | Членови на инклузивен тим | Интерна документација | Дискусија | Подо увањ на работ ата на тимот |
| Идентификување на ученици со пречки во развојот и потешкотии во учењето | Септември 2023 | Тим за инклузија, наставници и стручни соработни | Интерна документација | Набљудување, дискусија | |
| Процена на развојниот статус на ученикот | Септември Октомври 2023 | Тим за инклузија, наставници и стручни соработни | Интерна документација | Набљудувањ е, дискусија | Правилна проценка на способностите на ученикот за давање понатамошна помош |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на ИОП | Октомври 2023 | Тим за инклузија, наставници и стручни соработни | ИОП, Интерна документација | Постапност, систематичност, анализа | Изработка на програма според индивидуалните способности на учениците |
| Водење на досие за учениците | Континуирано во текот на целата учебна година | Тим за инклузија, наставници и стручни соработни | ИОП, Интерна документација | Постапност, систематичност, анализа | Подобар увид во напредокот на ученико т |
| Следење на напредокот на учениците | Континуирано во текот на целата учебна година | Тим за инклузија, наставници и стручни соработни | ИОП, Интерна документација | Постапност, систематичност, анализа | Подобар увид во напредокот на Ученико |

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во ООУ„Никола Карев“-Пробиштип нема организирано тутурска подршка на учениците по одредени наставни предмети

### 8.15. План на образовниот медијатор

Немаме ангажирано образовни медијатори

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Клучот на успешно училиште какво што е нашето, секако се резултатите што ги постигнуваме на многубројните училишни спортски натпревари. За нас не важи девизата „важно е да се учествува”, ние секогаш одиме на високи дострели давајќи го својот максимум и афирмирајќи го училиштето.

Горд на своите постигнувања е секој ученик кој ќе се претстави во најдобро светло на секој натпревар и ќе го оправда вложениот несебичен труд од страна на наставникот. Во училиштето на учениците се нудат следниве училишни спортови: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка, карате. Одговорните наставници ќе изработат програми за работа, ќе ги подготвуваат учениците за учество на спортски настани, турнири, натпревари и слични настани.

**9.2. Секции/Клубови**

Низ слободните ученички активности кои според новата Концепција за основно образование ќе се реализираат од прво до трето одделение создаваме претпоставки и можности за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, ќе ги задоволуваме и развиваме индивидуалните интереси и способности на учениците, за заедничка работа на учениците и наставниците, која ќе придонесува за развивање меѓусебна доверба, дружење во слободно време и стекнување и негување на повеќе позитивни навики.

Во нашето училиште слободните ученички активности ги организираме во областа на: науката, екологијата, техниката, уметноста, естетиката, спортот и сл. На тој начин создаваме можности учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во наставата, да се истакнуваат со свои постигања.

Во почетокот на учебната година секој наставник ќе доби задолжение да формира секција, да достави програма за истата и да изврши избор на ученици кои ќе членуваат во истата. При вклучувањето на учениците во секциите наставниците се раководат од принципот на доброволност и наклоност на учениците кон предметот. Но, пред сѐ се води сметка за оптовареноста на учениците при што е зацртано еден ученик да членува во најмногу две секции.

За секоја слободна активност има соодветна програма, а нивната реализација се остварува преку наставни часови утврдени со распоредот на наставните часови.

**9.3. Акции**

Ученичкиот парламент заедно со одговорните наставници Иванче Стојковски, Даниела Милевска Јакимова и Дејан Николов, како и со стручната служба ќе направат план за организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции, кој план ќе биде со јасно дефинирани цели, содржини,време на реализација, како и ученици кои ќе бидат вклучени во конкретните активности. При изработка на планот треба да се земе во предвид и потребните средства и материјали и извори од кои ќе се добијат, а исто така за секоја организирана активност ќе се формира и тим за следење на акциите. Во овие акции ќе се вклучат сите ученици од прво до деветто одделение.

## 10. Ученичко организирање и учество

Наместо досегашната ученичка заедница, согласно Законот за основно воспитание и образование, се формира ученички парламент. Во составот на ученичкиот парламент влегуваат по двајца претставници од сите одделенија од VI до IX одделение(претседател и заменик претседател на одделението). Од страна на сите претседатели, со тајно гласање се избира претседателот на ученичкиот парламент. Претседател на ученичкиот парламент во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип е Марко гаврилов, но на почетокот на оваа учебна година ќе биде избран нов претседател бидејќи ученикот заврши деветто одделение. Претставници од седмо до деветто одделение го избираат ученичкиот правобранител. Тоа е ученичката Ана Димитриевска

### Програма на ученичкиот парламент

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализациј а | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Донесувањ е на** | Осмислувањ е | Одговорни наставници | Август 2023 | Брошура | Донесување на програма за работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Програма за работа** | на работата | | | | |
| **Значење, организирање и задачи** | Запознавање со значењето улогата и начинот на организирање | Одговорен наставник | Септември 2023 | Годишна Програма | Проширување на знаењата |
| **Конституирање и избор на работни тела** | Утврдување на содржини | Раководство | Септември 2023 | Годишна Програма | Развој на демократски принципи |
| **Куќен ред и Правилник за пофалби,награди и педагошки мерки** | Информирање на сите ученици | Раководство и комисии | Септември 2023 | Правилник | Значење на почитување на правилата |
| **Работа на одделенски совети-заклучоци** | Разгледување на работата на одделенските совети | Комисија за настава | Ноември 2023 | Дневен ред на Одд. Совети | Усогласување на ставовите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Работа на комисии** | Размена на ставови | Раководство | Ноември 2023 | Извештаи од комисии | Донесување на адекватни ставови |
| **Организирање на работни акции** | Организирање и учество во работни акции | Комисија за настава | По потреба | Годишна Програма | Придонес за здрава околина |
| **Полугодишен извештај за работа на училишнио парламент** | Запознавање со содржината на извештајот | Раководство | Февруари 2024 | Извештаи | Потикнување на креативно размислување |
| **Патронен празник** | Извештај за одбележувањето на патрониот празник | Раководство | Април 2024 | Годишна Програма | Пренесување на заклучоци од Советот на родители |
| **Соработка со локалната средина. Совет на родители** | Земање на учество во локалната средина и Советот на родители | Раководство и комисии | По потреба | Извештаи и други информации | Постигнување на барањата |
| **Известување за полуматурска забава** | Известување за полуматурска забава | Комисија за настава | Мај 2024 | Годишна Програма | Добра организација на матурска прослава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Годишен извештај за работа со училишнио парламент** | Анализа на извештаи | Раководство | Мај, Јуни 2024 | Извештаи | Насоки за понатамошно образование |

**11. Вонучилишни активности**

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

**Програма за реализација на ученичките екскурзии и други слободни ученички активности**

Во учебната 2023/24 год. во нашето училиште е планирано организирање на екскурзии со научно-образовен карактер, чија цел е преку непосреден контакт на учениците со предметите, појавите и процесите од општествената и природната средина , кај учениците да се олесни процесот на учење и да се обезбеди поголема трајност и квалитет на знаењата. Исто така кај учениците ќе се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за сите ученици од I до IX одделение ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI одделение, тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

При тоа се има предвид учениците од наведените одделенија да ги посетат оние локалитети и објекти во Република Северна Македонија кои претходните учебни години ги немаат посетено, а кои биле организирани од страна на ООУ „Никола Карев“ - Пробиштип.

## - План и програма за настава во природа

**ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа;
Учениците да се запознаат со природно-географските, биолошко-еколошките, антрополошките и културните обележја на Охрид;
Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
Продлабочување,проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
Учениците подобро да се запознаат меѓусебно, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

Посета на културно - историските места и споменици;
Набљудување на природните убавини и богатства на нашата татковина;
Истражување на културното, духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;
Усовршување на способноста за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
Да се негува и развива: индивидуалната, тандемската и групната работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
Организирање на ученички работилници во корелација со наставните предмети.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

Релјефни карактеристики на РСМ;

Културно - историско наследство на РСМ;

Македонска литература и творештво;

Екологија;

Активности:

Посета на локалитети, културно-историски обележја и атрактивни места во Западна Македонија, запознавање со дел од културно-духовното наследство во РСМ, собирање податоци од направените посети на културно-историските споменици и обележја, институции, околината и природните убавини, организирање на спортски и други рекреативни игри;

**РЕАЛИЗАТОРИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

Одделенски наставници од активот за петто одделение

Наставници:

1. Марија Богатиновска Va
2. Станојка Гичева Vб

Времетраење: пет дена

Време на реализација: мај, 2024 год.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

Маршута: Пробиштип - Скопје - Вруток - Маврово - Струга - Вевчани - Охрид

**СОДРЖИНИ** - Теми на истражување:

Природа и екологија:Водата како животна средина - истражување на Охридското Езеро - флора и фауна – Посета на Хидробиолошки институт-Охрид;

Земјата и воздухот како животна средина и услов за живот;Сонцето, услов за живот;

Растенија и животни кои се среќаваат во крајот со посебен осврт на лековитите растенија;Изработка на хербариум и инсектариум.

Историја и општество:Животот и работата на луѓето во локалната заедница;

Посета на Музејот на вода – Заливот на коските – Охрид;Стопански и нестопански дејности: туризам, риболов, овоштарство, сточарство и занаети;Селска куќа - архитектура;Од историското минато на македонскиот народ.

Литература и творење:Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во Охрид, Струга и околината;

2. Литературно творење.

Математика: Употреба на математичките операции преку истражување, собирање и средување на податоци во корелација со реализираните истражувања.

Култура и фолклор:Народни песни, носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од Охрид и Струга, с. Вевчани;

Спорт:1. Утринска гимнастика;Одење и пешачење во природа;Спортски игри: фудбал, кошарка, народна топка;Рекреативно - забавни игри (игри без граница).

Производствено - корисна работа:Изработка на книга за Охрид;

Културно и забавни активности:

1. Избор на најдобар глас;
2. Вечер на народни игри и модерен танц;

Потребен материјал за наставни активности:блок бр. 5,темперни бои, четки, чашка за вода;фломастери;тетратка со квадратчиња;прибор за пишување;лепак за хартија.

Хигиена и здравје:

Одржување лична и општа хигиена;Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

Распоред на времето во текот на денот: Станување; Утринска гимнастика; Лична хигиена и уредување на спалните соби; Појадок; Настава; Ручек; Време за одмор; Ужина и активен одмор; Вечера;Културно - забавни активности;Лична хигиена и спиење.

Сите организациони и технички и стручни подготовки од Програмата и Планот за изведување на настава во природа со ученици од петто одделение, ќе бидат усогласени според Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА ПЛАКАЊЕ:**

патувањето ќе се изведе со туристички автобуси со водич;

придружба од медицинско лице;

плаќањето ќе се реализира преку жиро - сметка на училиште.

Согласно со членот 9 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта,

избраниот понудувач е должен да обезбеди најмалку една училница опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за изведување на настава.

Одговорен наставник на наставата во природа:
Марија Богатиновска
ООУ „Никола Карев" – Пробиштип

Забелешка: Програмата може да претрпи мали измени зависно од понудите на туристичката агенција.

- Екскурзии во текот на учебната година

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| **Еднодневна екскурзија** | Мај<br>III одд. | Југоисточна Македонија | -Развивање на другарство и социјализација на учениците;<br>-Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби;<br>-Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на Република Северна Македонија; |
| **Дводневна екскурзија** | Мај<br>VI одд. | Западна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност |
| **Тродневна екскурзија** | Мај<br>IX одд. | Западна Македонија | Да му се овозможи на ученикот одмор и рекреација, правилен развиток, развивање на другарството, колективност. Запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Октомври и Мај | Месноста „Крст" во населбата Калниште | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (I - IXодд.) | | развивање на еколошката свест кај ученикот |

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ за учениците од прво до деветo одделение**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Рекреација и развивање на спортски дух;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;
- Развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**ЗАДАЧИ:**

- социјализација и колективна заштита;
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење
- градење на еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација;

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

До местото на реализирање на излетот учениците стигнуваат пешачејки. Откако учениците ќе пристигнат, имаат предвиденото време за одмор и доручек, а потоа на учениците им се организираат спортски активности. Во текот на спортските активности учениците освен што ги покажуваат своите спортски способности, меѓу нив се

остварува и поголемо другарување како меѓу самите ученици , така и меѓу учениците и наставниците.

**РАКОВОДИТЕЛ**: Методија Кралевски, Слободан Петковски
**ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ**: Одделенските и класните раководители
**УЧЕНИЦИ**: Екскурзијата е организирана за сите ученици од прво до деветo одделение
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**: Еднодневен излет во месец мај
**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:** Месноста „ Крст “ - во населбата Калниште

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Локацијата е избрана според интересот на учениците и родителите, која се наога во близина на училиштето за да можат и најмалите да стигнат до местото за реализирање на излетот со пешачење

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**:

Храната и пијалоците за учениците ке бидат обезбедени од родителите

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА - ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ**

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Запознавање со настани од нашето минато;
- Изразно опишување на настаните од нашето минато;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Источна Македонија;

**ЗАДАЧИ:**

- Да развиваат позитивен однос кон животната средина;

- Запознавање со поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење;
- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа;
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина;
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи;
- Запознавање на природните убавини во источна Македонија.

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ**:

Во текот на еднодневната екскурзија учениците најпрво ќе ги посетат Колешинските и Смоларските водопади во Струмица каде што ке се запознаат со природните убавини во овој дел на Македонија, учениците ќе добијат информации за настанувањето и значењето на водопадите, ќе се запознаат со природните закони кои треба сите да ги почитуваме. Во овој крај на Македонија учениците ке ги посетат и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“ - Елеуса и манастирот „Св Леонтиј“- Водоча, при што ке се разговара за поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење. Екскурзијата продочжува кон градот Дојран со посета на Вардарски рид и Дојранско езеро. Покрај Дојранското езеро учениците ке имаат можност да уживаат во убавините на езерото кое е наше природно богатство кое што треба да се заштити од еколошко уништување. Потоа учениците се упатуваат кон ТЕЦ Неготино каде што ке се запознаат со работата, функцијата на термоелектраната. Екскурзијата ке биде заокружена со посета на стариот град Стоби и ке се запознаат со историјата на овој локалитет.Посетата на Кавадарци ке заврши со посета на ХЕЦ Тиквеш.

**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**: Соња Даниловска, Марјан Досев
**ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ:** Одделенските раководители од трето одделение
**УЧЕНИЦИ:** Учениците од трето одделение

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**:
Еден ден во Мај

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА:**

1. Струмица: Колешински водопади или Смоларски водопади;
2. Дојран:Вардарски рид;
3. Кавадарци: Стоби, Фени и ХЕЦ Тиквеш;
4. Неготино-ТЕЦ Неготино.

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

Пробиштип-Дојран-Струмица-Кавадарци-Неготино-Штип-Пробиштип

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

За реализација на екскурзијата најпрво ке биде спроведена тендерска постапка на која ке биде избрана туристичка агенција која ке ја реализира екскурзијата. За успешна реализација на екскурзијата агенцијата ке треба да обезбеди висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар..

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Напомена:**

За учениците кои нема да заминат на екскурзијата во училиштето ќе се организира настава.

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА - ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ**

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

-Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со споменици кои сведочат за историскотоминато на Македонија;

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природни убавини(одлики) на нашата држава;

- Учениците непосредно(нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Македонија и процес на производство;

- Учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните ,

индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат;

-Учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме

**ЗАДАЧИ:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење;
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина;
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина;
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни однос

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ: Прв ден**

Поаѓање од Пробиштип преку Кратово и Куманово, и пристигнување прошетка низ Скопје. Разгледувањето на градот Скопје ке продолжи со посета на историските обележја Скопско кале, Стара чаршија,спомен куката на Мајка Тереза, Музејски комплекс “Македонска борба”, Меморијален музеј на Холокаустот.

Учениците се упатуваат кон Гостивар и кон изворот на реката Вардар-Вруток. Екскурзијата продолжува кон градот Крушево каде што ке се посети Спомен куќата на Тодор Проески, Споменик Македониум, Мечкин камен, Галерија на Никола Мартиновски, црква Св.Никола;Потоа се продолжува кон Национален парк Маврово,минувајки низ кањонот на реката Радика и се упатуваат кон манастирот Св.Јован Бигорски: ХЕЦ Шпиље, Косовраски бањи, потоа се продолжува кон Вевчански извори градот Струга каде што е планирана посета на Природно научен музеј;. Пристигање во приквечериeто во Охрид, сместување во хотелот и вечера по која следи кратка прошетка во околината

**Втор ден:**

После доручекот следи посета на Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина каде што учениците ке ги запознаат убавините на градот Охрид и

историската вредност на знаменитостите кои ќе бидат посетени. Поаѓање за Битола каде е планиран ручек и посета на Хераклеа и Национален парк „Пелистер“. Потоа се продолжува за Прилеп каде што ќе се посетат Горен град и Маркови кули.Во попладневните часови е планирано пристигнувањето во Пробиштип.

**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:** Иванче Стојковски, Сашка Миланова
**НАСТАВНИЦИ:** Одделенските раководители на шесто одделение
**УЧЕНИЦИ:** Учениците од шесто одделение

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**:
Два дена во месец Мај

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА:**

1. Скопје: Скопско кале, Стара чаршија,спомен куката на Мајка Тереза, Музејски комплекс “Македонска борба”, Меморијален музеј на Холокаустот;
2. Гостивар: Извор на реката Вардар –Вруток;
3. Крушево: Спомен куќата на Тодор Проески, Споменик Македониум, Мечкин камен, Галерија на Никола Мартиновски, црква Св.Никола;
4. Национален парк Маврово, кањонот на реката Радика, манастирот Св.Јован Бигорски: ХЕЦ Шпиље, Косовраски бањи;
5. Струга: Вевчански извори и Природно научен музеј;
6. Охрид: Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина;
7. Битола: Хераклеа и Национален парк „Пелистер“;
8. Прилеп: Горен град и Маркови кули

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

Пробиштип-Кратово-Куманово-Скопје-Тетово-Гостивар-Крушево-Маврово-Дебар-Струга-Охрид-Битола-Прилеп-Пробиштип

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

За реализација на екскурзијата најпрво ке биде спроведена тендерска постапка на која ке биде избрана туристичка агенција која ке ја реализира екскурзијата.За успешна реализација на екскурзијата агенцијата ке треба да обезбеди висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

**ФИНАНСИРАЊЕ*:***

Трошоците на патувањето ги сносат родителите

**Напомена:**

За учениците кои нема да заминат на екскурзијата во училиштето ќе се организира настава.

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА-ДЕВЕТО ОДДЕЛЕНИЕ**

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското езеро;
- Учениците да се запознаат со видовите населби;
- Учениците да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато;
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците

**ЗАДАЧИ:**

Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,

- Да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

**Прв ден:**

Поаѓање од Пробиштип со попатна посета на Кратово и Куманово, продолжување кон Скопје каде најпрво ке се посети Кањонот Матка, каде учениците уживаат во убавините и специфичностит на кањонот а потоа ке направат и посета на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ и „Св Андреј“. По ручекот ке се продолжи со разгледување на центарот на Скопје со разгледување и посета на историските знаменитости: Скопско кале, Стара чаршија посета на историските обележја спомен куката на Мајка Тереза, Музејски комплекс Македонска борба, Меморијален музеј на Холокаустот . Во Скопје е планирано ноќевање.

**Втор ден:**

Патување кон Тетово каде ке се посети Шарена џамија и Тетовско кале,па се продолжува кон Гостивар со посета на изворот на реката Вардар-Вруток,; Се продолжува кон Националниот парк Маврово каде е планиран ручек и посета на кањонот на Радика и Манастирот Св.Јован Бигорски. Потоа се патува кон Дебар при што ке се посетат ХЕЦ Шпиље и Косовраски бањи, Во попладневните часови е планирано пристигнување во Струга каде што најпрво ке бидат посетени Вевчанските извори а потоа и природно научниот музеј. Пристигнување во Охрид, сместување во хотел со вечера и ноќевање.

**Трет ден:**

Разгледување на знаменитостите на Охрид : Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина и посета на културно –верски објекти: црквата св Софија, Св Канео, Манастирот Св Наум Охридски.Поаѓање за Битола и посета на Хераклеа и Национален парк „Пелистер“. Потоа се продолжува за Прилеп каде ке биде организиран ручек и посета на Горен град и Маркови кули. Во попладневните часови учениците се враќаат во Пробиштип.

**РАКОВОДИТЕЛ:** Александра Наунова, Стојна Гичева, Маријана Ефремова Кралевска
**НАСТАВНИЦИ:** Класните раководители на деветто одделение
**УЧЕНИЦИ:** Учениците од деветто одделение

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**:
Три дена во месец Мај

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА:**

1. Скопје: Кањонот Матка, Скупи, Римскиот Вијадукт, Скопско кале, Стара чаршија, спомен куката на Мајка Тереза, Музејски комплекс Македонска борба, Меморијален музеј на Холокаустот;
2. Тетово: Шарена џамија и Тетовско кале;
3. Гостивар: Изворот на реката Вардар-Вруток;
4. Дебар: Национален парк Маврово, кањонот на Радика, Св.Јован Бигорски; ХЕЦ Шпиље, Косовраски бањи;
5. Струга: Природно научен музеј; Вевчански извори;
6. Охрид: Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина; црквата Св. Софија, Св. Канео, Манастирот Св. Наум Охридски;
7. Битола: Хераклеа и Национален парк „Пелистер“;
8. Прилеп: Горен град и Маркови кули

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

Пробиштип-Кратово-Куманово-Скопје-Тетово-Готивар-Маврово-Дебар-Струга-Охрид-Крушево-Битола-Прилеп-Пробиштип

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

За реализација на екскурзијата најпрво ке биде спроведена тендерска постапка на која ке биде избрана туристичка агенција која ке ја реализира екскурзијата.За успешна реализација на екскурзијата агенцијата ке треба да обезбеди висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

Трошоците на патувањето ги сносат родителите

**Напомена:**

За учениците кои нема да заминат на екскурзијата во училиштето ќе се организира настава.

Во рамки на слободните ученички активности ќе бидат реализирани активности од областа на културата. Во таа смисла во училиштето и надвор од него во соработка со локалната заедница и пошироко, ќе се организираат приредби, различни свечености, изложби, посети на тетатри и фестивали, споменици, и сè она што значи вредност во културата.

***Стручен тим за екскурзии и слободни ученички активности***
***при ООУ„Никола Карев“- Пробиштип***
***Атинка Б. Стојчевска- директор***
***Соња Даниловска-одд.раководител***
***Иванче Стојковски-одд. наставник***

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во вонnаставните активности се вклучуваат сите ученици кои ќе покажат интерс за истите по претходно изготвена анкета за овие активности. Исто така во склоп на ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип , работи и нижо основно музичко училиште во кое можат да се вклучат ученици од второ до петто одделение со согласност на родителите.

## 12. Натпревари за учениците

***Ученички натпревари***

Ученичките натпревари се облик на активност при која еден ученик или група на ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри воспитно - образовни резултати. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се прошируваат знаењата. Тие ја освежуваат наставата и придонесуваат да се поврзува учењето со животот.

Ученичките натпревари влијаат врз зголемување на интересот на учениците кон слободните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближуваат учениците од разни средини, како и да се врши правилен избор на ученици за други активности. Според нивото на одржување, ученичките натпревари можат да бидат: училишни, општински, регионални и републички.
Користејки ги досегашните искуства, учениците од нашето училиште на организиран начин може да се натпреваруваат во следните форми на натпреварувања ( натпревари ) :

- Спортски игри ( фудбал, кошарка, одбојка и сл. )на локално, гратско и државно ниво;
- Учество на разни интерни и други конкурси за ликовни и литературни творби;
- Учество на ликовни изложби и ликовни колонии;
- Смотри на млади техничари и природници;
- Натпревари организирани од локалната самоуправа;
- Училишни и други видови натпревари по наставните предмети што се изведуваат во предметната настава;
- Спортски натпревари по повод Патрониот празник на училиштето.

***ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ***

**1. ПЛАН**

- Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од 4 до 9 одд.;
- Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари;.
- Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија;
- Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување;
- Спроведување на натпреварите;
- Истакнување на резултатите;
- Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг.

**2. ПРОПОЗИЦИИ**

- Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмета;
- Ученикот во согласно со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество;
- Насавникот – ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина.

**3. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ**

- Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари;
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;
- Навремено истакнување на резултатите (7 дена  по одржаниот натпревар);
- Усна информација за резулатите пред сите учесници во натпреварот;
- Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник;
- Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

## 4. СПРОВЕДУВАЊЕ

- Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот;
- Да се избере комисија од соодветни предметни – одделенски наставници;
- Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар;
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;
- Присуство на комисијата на самиот натпревар.

## 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ

- Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот;
- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности;
- Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.

## ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Место на одржување на ученички натпревари: Слободна училница и училишна библиотека.

1. На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор. Исто така, одделенските - предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари;
2. На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите и да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден;

3. Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување;
4. Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници;
5. Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмета;
6. Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите да бидат унифицирани за сите ученици;
7. Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, а кои се горенаведени треба да изготват:

Список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци), едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија, вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)

8. Одделенските наставници кои биле во комисијата, а кои се горенаведени треба да предадат на одговорниот на Стручен актив:

- Список на учениците кои учествувале во натпревар (трет список);
- Одговорните кои изготвуваат тестови – еден празен пример од тестот.

9. На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

***Тим за Мегуетничка интеграција во образованието(МИО) :***

***-Атинка Б. Стојчевска-директор***

***-Голубина Алексова-психолог***

***- Дејан Николов-наставник***

***-Даниела Стојанова-одделенски наставник***

***- Маријана Ефремова Кралевска-наставник***

***Мулти културализам***

| Реден бр. | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Подршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **самостојна активност во училиштето** | **училиштето** | **цела учебна година** | **подобрување на училишната атмосфера и опкружување** | **наставни планови и програми; наставни материјали** | **работна група** |
| **1.1.** | прилагодување на наставните планирања за реализирање на МИО активности преку ОЖВ и други наставни содржини и воннаставни активности | стручни служби и наставници | Август/ Септември 2023 | годишни и тематски планирања со вклучени МИО активности | наставни планови и програми; наставни материјали | работна група |
| **1.2.** | активности за меѓуетничка соработка и визија/мисија во Годишната програма | тим за изработка на Годишната програма | Август 2023 | Годишна програма | Закон за Основно образование; извештај од работата на училиштето | работна група |
| **1.3.** | изработка на иконографија од мултиетнички карактер – слики и текстови на ѕидовите | стручни служби и наставници | Септември/ Октомври 2023 | иконографија со мултиетнички карактер | слики и текстови од мултиетнички карактер | работна група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4. | содржини од МИО активности во училишниот весник „Сезнајковци“ | тимот на „Сезнајковци“ | Декември/ Април 2023/2024 | училишниот весник „Сезнајковци“ | фотографии; текстови | работна група |

| Реден бр. | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Подршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **заеднички активности на наставниците меѓу партнер училиштата - посета меѓу двете училишта; подготовка на информативно видео за нашето училиште.** | **ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица** | **текот на учебната година** | **потпишан Меморандум за соработка** | **финансиски средства** | **работна група** |
| **2.1.** | заедничко планирање на наставата (воннаставните активности – ликовен и литературен конкурс) | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | текот на учебната година | ликовни и литературни творби | наставни материјали и финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината ) | работна група |
| **2.2.** | заедничко прославување на празници: - по повод Велигден и Бајрам | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ | за време на празниците | дружење за време на заедничките средби | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Струмица | | | | |
| **2.3.** | заеднички хуманитарни акции | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ –Струмица | текот на учебната година | учиниците од двете училишта активно се вклучени во хуманитарната акција | собрани средства | работна група |

| Реден бр. | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Подршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **заеднички активности на / со учениците** | **ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица** | **текот на учебната година** | **активности на учениците** | **финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината)** | **работна група** |
| **3.1** | организирање на „мултикултурен саем на храна“ – во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип (учиниците со помош на нивните родители подготувуваат по две традиционални јадења и по еден десерт); -подготовка на штандови со традиционал | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | за време на новогодишните празници | учиниците од двете училишта активно се вклучени во подготовката на храна | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на храна и дегустирање на истата | | | | | |
| **3.2.** | еднодневна мултиклултурна работилница -изработка на украси од рециклирани материјали во ООУ„Маршал Тито“ – Струмица; -работилницата ќе вклучи: балансиран број на ученици од различните етички заедници, двајца наставници, претставник од совет на родители | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | Март 2024 | активно вклучување на учениците во изработките | материјали што се рециклираат: пластика, хартија... | работна група |
| **3.3.** | меѓусебна посета на верски и историски објекти -џамиите во с.Банско и Лесновски Манастир | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | Мај 2024 | | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

Работата на проектите е тесно поврзана со обидите за подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето воопшто со што има примарно значење. Важно е тоа што ќе се инсистира на такви активности кои најтесно се поврзани со основните цели на училиштето, кои се потенцирани во воведниот дел на програмата за работа.

Во оваа учебна година во нашето училиште ќе продолжат да се реализираат активности кои се дел од Проектот на програмата за интеграција на еколошкото образование на Македонскиот образовен систем, односно содржинско – функционално поврзување на содржините од наставните програми со еко содржини.

Во согласност со Законот за основно образовани педагошко - психолошката служба ќе одржи по две советувања во полугодие за родителите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето, или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување.

Спроведена и обука со сите наставници за изработка на план за личен професионален развој.

Со воведување на новите наставни програми од прво до шесто одделение, се налага потреба и од нов начин на подготовка и планирање на наставата од страна на наставниците кој ќе обезбеди прегледност на наставниот процес за секоја тема и наставен час во текот на наставната година. Планирањето според новите наставни програми како и за останатите ќе опфаќа глобално годишно планирање, кое наставниците се должни да го изготват на почетокот на учебната година и тематско - просечно планирање кое наставникот го подготвува согласно динамиката за обработка на темите предвидени со глобалното планирање. Тематското просечно планирање ќе се одвива сукцесивно во текот на наставната година.

Во согласност со Законот за основно образование во училиштето е организиран и продолжен престој во кој учениците се вклучуваат во согласност со родителот. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно уметнички и други активности.

И оваа учебна година ќе се спроведуваат активности од програмата за Меѓуетничка интеграција. Ќе продолжат активности кои се дел од проектот Заедница за учење на одделенските наставници, потоа активности од проектот Еко логик, граѓанско младинска иницијатива .

Свои активности од Проектот за демократизација на образованието ќе организираат и учениците од училишниот парламент.

Исто така ќе продолжиме и со предвидени активности како е – твининг училиште, како и со активности кои се предвидени со Еразмос + Проектот „Think global, act lokal “ или „ Мисли глобално , делувај локално„, кој ќе се реализира во периодот од први

Септември 2022 до први мај 2024 година. Координатор е Италија, а останатите партнери се од Франција, Романија и Турција. Веќе се реализирани активности со ученици во Италија, Турција и Франција. За оваа учебна година остануваат уште две мобилни активности.

## 15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

**Успех на учениците по учебни години**

| Одделение | Среден успех по учебни години | | |
|---|---|---|---|
| | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/23 |
| **I** | Описно оценети | Описно оценети | Описно оценети |
| **II** | Описно оценети | Описно оценети | Описно оценети |
| **III** | Описно оценети | Описно оценети | Описно оценети |
| **IV** | 4,53 | 4,51 | |
| **V** | 4,17 | 4,53 | |
| **VI** | 4,39 | 4.18 | |
| **VII** | 4,21 | 4.33 | |
| **VIII** | 3,92 | 3.93 | |
| **IX** | 4,24 | 3.75 | |
| ***I - V*** | 4.35 | 4,52 | |
| ***VI-IX*** | 4.19 | 4,04 | |
| ***I- IX*** | 4.27 | 4,28 | |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

**Тим за професионална ориентација на учениците :**

**Голубина Алексова – психолог**
**Александра Наунова – одделенски раководител**
**Стојна Гичева – одделенски раководител**
**Маријана Ефремова Кралевска- одделенски раководител**

Тимот за професионална ориентација на учениците почнувајки од почетокот на месец мај има обврска да ги запознае учениците од деветто одделение со различните занимања кои се нудат , преку лични тестови за професионална ориентација се следат и откриваат учениците со специфични способности и интереси. Тимот за професионална ориентација организира средби на учениците од деветто одделение со личности со различни занимања, претставување на средни училишта, како и посета на средни училишта. Од страна на психологот се реализираат предавања и работилници за професионална ориентација.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

***Превентивни програми***

Училишниот тим за превенција од насилство заедно со педагогот и психологот на училиштето за оваа учебна година изготви Програма за работа (Прилог 19) во која се планира реализација на работилници и редовно одржување на состаноци на кои ќе се анализира состојбата на поведението на учениците во училиште и вон училиште. Превентивни содржини планираат одделенските раководители кои на одделенските часови реализираат работилницци за превенција од насилство, превенција од зависности - дрога, алкохол, пушење, превенција од хив и сида и превенција од заразни болести. Исто така се предвидува и соработка со МВР, како и Здравствениот дом, во однос на разни предавања и работилници на овие теми.

Исто така сите наставници и ученици се обврзани за континуирана примена на Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од

формите на насилство, злоупотреба и занемарување, кој е изготвен според дадено упатство од страна на МОН.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно- образовните содржини, работните навики, степен на заинтересираност и ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата . Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување

Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усмено оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија);
- Писмено оценување (преку објективни тестови);
- Формативно оценување (за време на самите часови);
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината).

**УСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на ***запомнување и репродуцирање*** на наставните содржини, ***разбирање и сфаќање*** на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, ***примена*** на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на ***анализа, синтеза и вреднување***, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

**Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:**

- Оценка доволен два (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи,
- Оценка добар три (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи;
- Оценка многу добар четири (4) - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења;
- Оценка одличен пет (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според

Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5).

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на согледување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН.

***Согласно концепцијата за девет годишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:***

Учениците кои се опфатени во првиот период **I-III одделение се оценуваат со описни оценки.**
Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период **IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки.** На крајот од првото, третото тромесечие и на полугодие добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки.

Учениците кои се опфатени во третиот период **VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.**

Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог, педагог и претседателите на стручните активи. Тимот изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

## Програма за посета на часови

| Активности | Носители на активности | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за подршка на планирањето за посета на часови | -директор -стручни соработници -наставници | Анализа на состојбата -Распоред на часови -Стручни материјали -Извештај од посетени часови | -Прашалник за наставниците | Септември | - Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови | -директор -стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците -Дневна подготовка на наставниците | -Инструмент за евалуација на часот | Во текот на годината | -Подобар квалитет при реализација на часовите -Користење современи приоди во наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Евалуација | -директор -стручни соработници -наставници | Програми и подготовки на наставниците | Прашалник за наставниците -Обработка на податоците од увид на часовите пополнети инструменти | Јуни | -Зголеменост на ефикасноста на наставата |

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во учебната 2022 година се реализираше самоевалуација на училиштето за учебните 2020-2022 год. од која произлегоа слабите и јаките страни на училиштето кои пак послужија понатаму за изготвување на развојниот план на училиштето. На секои две години се реализира самоевалуација, а за таа цел се формираат 7 тима кои со соодветни методи и инструменти ќе собираат и обработуваат податоци со цел да направат анализа во седумте подрачја. Оваа година врз основа на изготвената самоевалуација се изготви Развоен план на училиштето. Оваа учебна година на крајот на наставната година ќе се изработи самоевалуација за периодот 2022 - 2024 год.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел училиштето има изработено план за безбедност на учениците. За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот психолог и педагог ќе реализира индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните

родители, ќе се изготват акциски планови и програми за работа, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

**План за безбедност на учениците**

| Содржина и реализирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очеку ефе |
|---|---|---|---|---|---|
| **Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање** | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Ноември 2023 | Стручна литература а план и скица | Успе реализа програ разме иску |
| **Тестирање на знак(ѕвоно) потсетување на учениците** | Да се оспособат учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Ноември 2023 | Ѕвоно | Препозн на знак реакц случај на и др елемен непо |
| **Вежбовна активност Евакуација од пожар одделенска и предметна** | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација | Тим за планирање Тим за противпожарна | Декември 2023 | Апарати за противпожарна заштита | Правилн реакц случај н |
| **Евалуација од спроведената активност** | Согледување на позитивните и негативните страни на | Тим од одговорни и наставници | Февруари 2024 | Извештај | Отстра н недоста |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | спроведените активности | | | | |
| 18. | **Тестирање на знак(sвоно) потсетување на учениците** | Да се оспособат учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планира ње | Март 2024 | Sвоно | Препоз на знак реакц случај на и др елемен непо |
| | **Вежбовна активност на тим за прва медицинска помош** | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредни ситуации | Тим за планира ње Тим на прва медицин ска помош | Април 2024 | Медицинс ки материјал за укажувањ е на прва медицинск а помош | Правилн рекција к |
| | **Евалуација од спроведената активност за прва медицинска помош** | Согледување на позитивните и негативните страни на спроведените сктивности | Тим одговорн и наставни ци | Мај 2024 | Извештај | Отстра на недо |

**Грижа за здравјето**

### 18.1. Хигиена во училиштето

Реализирајки ја програмата на училиштето за здравјето на учениците, за здравствената заштита и здравствено воспитување ќе се допринесе во изградување на здрава личност ( психики, физички, социјално ), способна да се грижи за своето здравје, здравјето на семејството и здравјето на поблиската околина. Одделни содржини што се поврзани со здравјето на учениците се опфатени со наставните програми, а особено во наставната програма за физичко и здравствено образование,

одделенските часови, биологија, хемија како и во некои други форми на слободни ученички активности.

Посебно внимание ќе се обрне на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно ќе се чистат и дезинфецираат училишните простории. Во секоја училница .како и во тоалетите во училиштето ќе има сапун и дезинфекционо средство. ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината.

**18.2. Систематски прегледи**

Сите ученици од прво, трето, петто и седмо одделение ќе бидат опфатени со систематски прегледи во термини кои се одредени според програмата на Здравниот дом ,,Нада Михајлова” - Пробиштип, а воедно ќе биде извршен и санитарен преглед на наставниците.

**18.3. Вакцинирање**

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе се реализира вакцинација на сите ученици од второ одделение, и воедно ќе биде извршена вакцинација на сите ученички од шесто и седмо одделение. Вакцинацијата ќе ја спроведе Здравниот дом ,,Нада Михајлова” - Пробиштип, според претходно изработена програма.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците ќе се запознаваат со начините за здрава исхрана. Исто така и активно ќе учествуваат во кампањата „Здрава храна за детство без мана“ - со цел подигање на свеста и одговорноста за сопственото здравје, на тој начин одбележувајќи го меѓународниот ден на храната - 16 Октомври.

Во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип во соработка со Општина Пробиштип и детската градинка во Пробиштип, започна организирана исхрана за учениците од

прво до петто одделение. За таа цел е прилагоден трпезариски простор во училиштето каде што овие ученици ќе имаат топол и здрав оброк.

**Програма за Здравствена заштита и здравствено воспитание при ООУ„Никола Карев“- Пробиштип за учебната 2019/2020 година**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуациј ) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците** | Осигурување за добивање на надомест во случај на повреда | Директор Секретар Наставници Осигурително друштво Ученици Родители | Септември | Понуди од осигурителни друштва | Надомест при евентуални повреди |
| **Предавање за исхрана во училиштето – квалитет на достапна храна** | Формирање навики за правилна и здрава исхрана | Стручна служба Наставници | Октомври | Прирачници за здрава исхрана | Развивање на свеста з здрава исхрана |
| **Вакцини** | Заштита и превенција од различни болести | Претставници од здравствена установа | По известување од здравен дом | Известувања од здравен дом | Подобруван е на заштитата превенција а од различни болести |
| **Систематски прегледи** | Мерки за заштита и превенции и навремено откривање на болести и аномалии | Претставници од здравствена установа | По известување од здравен дом | Известувања од здравен дом | Навремено откривање иотстранув ње на болести и аномалии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предавање за физичката активност какао значаен фактор за нормален развој** | Зголемување на физичката активност кај учениците | Стручно лице | Ноември | Стручна литература | Подобрена физичка активност |
| **Предавање за последиците од употреба на пиротехнички средства** | Запознавање со штетите кои можат да настанат со употреба на пиротехнички средства | Претставници од МВР | Декември | Презентации Стручна литература | Отстранува ње и намалувањ на употребата на пиротехнич и средства |
| **Предавање за штетните последици од пушењето,алкохоло т и наркоманијата** | Осознавање за штетените последици од пушење,алкохолот и дрогата | Стручно лице | Февруари | Стручна литература | Подигање на свеста ка учениците за штетените последици од пушење,ал охол и дрог |
| **Предавање на тема:Заразни болести и заштита од истите** | Запознавање со начинот на заштита од заразните болести | Стручно лице | Март | Стручна литература | Навремена заштита и превенција од заразните болести |
| **Предавање на тема:Пубертетски промени** | Запознавање на учениците со промените кои настануваат во пубертетот | Стручно лице | Април | Стручна литература | Осознавањ на пубертетск те промени |
| **Одржување на хигиената во училниците и училиштето** | Формирање на навики за одржување на хигиена | Ученици Наставници | Во текот на целата учебна година | Хигиената во училниците и училиштето | Подобруван е на хигиената в училниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | и училиштето |

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

| Планирана програмска активнос | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Определување план за подобрување на дисциплината во училиштето** | Септември | Стручна служба, одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| **Изготвување распоред на дежурни наставници** | Во текот на елата учебна година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| **Определување дежурни ученици за дежурства во** | Континуирано | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **училишниот ходник** | | | | | ученици |
| **Определување дежурни ученици по паралелки** | Континуирано | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишна клима |
| **Изготвување распоред на одговорни лица за вршење контрола на санитарни јазли** | Во текот на целата учебна година | Техничка служба | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| **Определување одговорни лица за следење на дисциплината во училишниот двор** | Во текот на целата учебна година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Позитивна училишна клима |
| **Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор** | Континуирано | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори / ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уредувањ и одржувањ е на паноата во училници те** | Во текот на целата учебна година | Класни раководители и одговорни ученици | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| **Уредување и одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник** | Континуирано | Одделенски и предмени наставници, одговорни ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници | Разговор, практична работа | Увид во состојбата во училишниот ходник и навемена интервенција |
| **Уредување и одржување на училишниот двор** | По потреба | Техничка служба, дежурни ученици | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |

## 19.3. Етички кодекси

Кодексот на ООУ „Никола Карев” - Пробиштип претставува резултат на волјата, соработката, договарањето и желбите на сите вклучени во воспитно образовниот процес на училиштето, со цел да се подигнат меѓусебните односи на што повисоко ниво на соработка; меѓусебното почитување и уважување; почитувањето на законите, на декларациите за човековите права и правата на детето.

Училиштето ги цени сите учесници во воспитно - образовната работа и знае дека може да биде успешно само ако има мотивирани и вредни луѓе кои имаат право и

должност да го искористат своето знаење, способностите и интересите, кои се вклучени во работата и развојот на училиштето, прифаќајки го при тоа својот дел од одговорноста.

***Секој облик на дискриминација во училиштето и надвор од него е неприфатлив.***

Крајна цел на спроведувањето на кодексот е:

- поттикнување на вербата во етичките вредности кај сите учесници во работата на училиштето како неизбежни фактори за постигнување успех;
- поттикнување на сите учесници во работата на ова училиште да се однесуваат според етичките начела;
- создавање околина во која сите учесници во воспитно-образовната работа ќе се чувствуваат добро и ќе бидат горди со себе и со училиштето;
- градење на препознатливост на училиштето, како институција во која се почитуваат етичките вредности.

Сите учесници во воспитно - образовната работа ќе се запознаат со одредбите на Кодексот, ќе ги почитуваат и применуваат неговите начела.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

1. **ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**СПРЕМА НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Учениците ќе:

- ги почитуваат наставниците и останатите вработени во училиштето;
- бидат одговорни во својата работа;
- бидат вистинољубиви, праведни и добри;
- го чуваат училишниот имот и околината;
- се потрудат да оставаат свој белег на училиштето за да го чувствуваат како свој втор дом.

**КОН ДРУГИТЕ УЧЕНИЦИ**

Учениците ќе:

- ги почитуваат другите ученици;
- избегнуваат потценување, исмејување и озборување;
- бидат праведни, ќе соработуваат и меѓусебно ќе се помагаат;
- бидат ненасилни.

**КОН РОДИТЕЛИТЕ**

Учениците ќе:

- ги почитуваат родителите;
- ги слушаат ставовите на родителите и за нив ќе размислуваат критички;
- бидат искрени кон родителите.

## 2. ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**СПРЕМА УЧЕНИЦИТЕ**

Наставниците и останатите вработени ќе:

- го почитуваат ученикот како личност;
- обезбедат интерактивна настава;
- се однесуваат подеднакво кон сите ученици, без обзир на разликите во знаењето, способностите или социјалната положба;
- ги оценуваат учениците праведно, според знаењето и залагањето;
- им излегуваат во пресрет на учениците, ќе ја уважуваат нивната индивидуалност, нивните потреби и нивните проблеми;
- создадат пријатно и безбедно училишно опкружување.

**СПРЕМА ДРУГИТЕ НАСТАВНИЦИ И ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Наставниците и останатите вработени ќе:

- ја почитуваат личноста на другите колеги и вработени;

- ги уважуваат другите наставни предмети и другите работни задачи, како и различното мислење;
- бидат несебични во соработката со колегите;
- бидат одговорни за својата работа;
- дадат личен придонес во создавањето на пријатен амбиент во колективот.

**СПРЕМА РОДИТЕЛИТЕ**

Наставниците и останатите вработени ќе:

- ја почитуваат личноста на родителот;
- им пружат стручна помош на родителите во процесот на воспитување и образование на нивните деца;
- се трудат да воспостават пријателски и доверлив однос со родителите.

## 3. ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

**СПРЕМА УЧЕНИЦИТЕ**

Родителите ќе:

- го почитуваат своето дете;
- создадат најдобри можни услови за учење;
- бидат трпеливи, секогаш подготвени за разговор и охрабрување своето дете;
- бидат реални во однос на своето дете;
- учествуваат во воспитно-образовниот процес активно.

**СПРЕМА ДРУГИТЕ РОДИТЕЛИ**

Родителите ќе настојуваат да:

- се почитуваат меѓусебно;
- се залагаат за доброто на сите ученици;

- развиваат меѓусебна соработка за доброто на цело училиште.

**СПРЕМА НАСТАВНИЦИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Родителите ќе:

- го почитуваат наставникот како личност;
- ги почитуваат напорите и залагањата на наставниците;
- соработуваат и ќе ја помагаат работата на класниот раководител, другите наставници и останатите вработени во училиштето;
- придонесуваат за напредување на училиштето.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Во текот на учебната година наставниот кадар ќе се усовршува преку посета на семинари, советувања и обуки организирани од Бирото за развој на образованието и други невладини организации, а ќе се усовршуваат и преку работа и соработка со стручните активи во училиштето и другите училишта, индивидуална работа, стручни списанија и литература, отворени нагледни часови и сл.

Професионалниот развој на наставниците и другите стручни соработници, ќе оди во насока на подобрување на ефикасноста во наставата, комуникациските вештини, креативноста, зголемување на квалитетот на работа во училиштето, со единствена цел надминување и елиминирање на разликите во оценување и вреднување на успехот на учениците во првото и второто полугодие, преку користење на заедничките критериуми за оценување на бројот на негативни оценки, намалување на неоправданите изостанувања, покренување на работата и организацијата во училиштето на повисоко ниво.

Секој од наставниците и стручната служба е задолжен да направи сопствен план за професионален развој за оваа учебна година.

Наставниците имаат верифицирано свои профили во БРО на кои ќе им биде достапен каталогот на акридитирани обуки од страна на БРО и ќе треба да изберат по две обуки годишно .

Во текот на месец јуни од страна на Бирото за развој на образование, беа организирани обуки за наставниците кои ќе предаваат по новите програми за шесто одделение од новата Концепција за основно образование.

Наставниците ги посетија обуките организирани од БРО – „ Воспитание во современ контекст, развивање на социо – емоционални вештини кај учениците„ и „ Инклузија и пристап во почитување на ученици со посебни образовни потреби„.

Стручната служба ги посети следниве обуки , организирани од страна на БРО „ Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците , справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо – емоционална клима за час„ и „ Инклузивно образование во пракса“.

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште извршена е анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета од обуки и семинари). Од извршеното анкетирање на наставниците се добиени следните податоци:

| Потребни обуки- теми | Број на наставници |
|---|---|
| Обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби | 15 |
| Обука за работа и изработка на проекти | 7 |
| Обуки во врска со предметот кој го предаваат. | 11 |

## 20.2 Активности за професионален развој на наставниците

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со активностите и изготвување на план за професионален развој на наставниците | Запознавање со целите и задачите и поставување на приоритетите на работата во училиштето | Директор Педагог Психолог | Август | Материјали од семинари Стручна литература | Наставниците да ги продлабочат знаењата и значењето од континуиран професионален развој |
| Активност за развој на мотивацијата за подобра работа кај наставниците | Запознавање со мотивирањето како процес | Педагог психолог | ноември | Материјали од семинари Стручна литература | Наставниците да умеат да ги применат знаењата за мотивацијата во нивниот континуиран професионален развој |
| Креирање на инструмент за вреднување на професионалниот развој кај наставниците | Изготвување на инструмент за вреднување на професионалниот развој преку заедничка соработка, разговор, размена на мислења и барања на наставниците | Педагог Психолог Одговорен наставник | ноември | Стручна литература | Зголемување на мотивот на наставниците за нивен континуиран професионален поради постоење на инструмент за вреднување |
| Директорот како фактор за професионален | Наставниците да се запознаат со залагањата и | Педагог психолог | декември | Дизајн на работилница | Наставниците ја разбираат важноста и сложеноста на работата на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| развој на наставниците | овозможување на директорот за континуиран професионален развој на наставниот кадар | | | Стручна литература | менџерот во училиштето |
| Едукација на наставниците за изготвување на продлабочени наставни планови и програми | Размена на искуства и знаења при подготвување на годишни, развојно-процесни планови и програми | Психолог Педагог наставници | февруари | Стручна литература Материјали од семинари | Наставниците се стекнуваат со нови знаења при при креирање на современи годишни и развојно-процесни планови и програми |
| Спроведување на евалуација во наставата и учењето | Развивање на свеста за сопствените знаења и стекнатите компетенции и | Педагог психолог | Март/април | Анализи на наставни часови Чек листи Дневни подготовки | Поттикнување на планирањето на сопствената работа |
| Евалуација на постигањата за професионален развој | Анализа на постигањата на работата на наставниците преку подршка за професионален развој | Психолог педагог | мај | извештај | Остварливост на поставените задачи и цели |

## 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник индивидуално и колективно  стручно се усовршува и си изготвува сопствен план за професионален развој. Индивидуално преку следење на стручна литература и колективно преку учество на семинари и обуки. За неговиот професионален развој се води портфолио.Наставниците проследија интерна обука за изработка на личен план за професионален развој и секој од нив ќе направи свој план

за професионален развој врз основа на кои ќе бидат одредени приоритетите за професионален развој на наставниците.

### 20.4. Хоризонтално учење

Стручните активи редовно одржуваат состаноци на кои дискутираат и разменуваат искуства и мислења. Исто така посетуваат и меѓусебно часови. Освен за размена на професионално искуство, тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Врз основа на личните планови на секој наставник, во кој се содржани нивните лични анализи за потребните обуки и усовршувања, училиштето,поточно стручната служба изготвува професионален план за развој на училиштето во кој се планира целокупниот кариерен развој на воспитно – образовниот кадар

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Семејствата и родителите на нашите ученици редовно се информирани и вклучени во сите активности кои ги планира и реализира училиштето. Родителите редовно се информираат за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители и брошурите за родители. Родителите се вклучуваат во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето и реализација на настава (експерти од одредени професии). Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот придонесува за надминување на пројавените проблеми.

На почетокот на учебната година секој наставник е задолжен да истакне свој распоред за прием на родителите /старателите ( ден во неделата и час) на огласна табла во училиштето и да ги известе родителите

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

Родителите на учениците можат да се вклучат во секаков вид на планирање, давање подршка на наставниците за работа со ученици со попреченост, надарените и талентирани ученици, за професионалната ориентација на учениците, како и да учествуваат во реализација на часовите.

Најдобра форма на вклученост на родителите во училиштето е советот на родители. Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и воннаставните активности во училиштето.

Во Совет на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Родителите усно и писмено се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на projавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, директор), состаноци на

Советот на родители, семејно советување, работилници со родители на критични групи ученици, информирање вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Улогата на комуникацијата со јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ги презентираат пред медиумите, пошироката јавност и општината Пробиштип.

**Соработка со локалната заедница**

Училиштето планира реализација на соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени поводи во училиштето. Ќе се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

**Соработка со институции од областа на културата**

Ќе се следат објавени конкурси и натпревари на кои ќе се учествува на литературни и ликовни конкурси. Ќе организираме посета на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, Дом на култура, кино - сали.

**Институции од областа на образованието**

Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС - Сектор за основно образование. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна) преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари. И оваа година планираме да ја продолжиме соработката со средното училиште од нашиот град.

**Невладини организации**

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Младинските културни центри, Еколошките друштва;

**Спортски друштва**

Активностите на планот на соработката со спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

**Соработка со здравствени институции**

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно - образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: Здравен дом ,,Нада Михајлова" – Пробиштип,Приватни здравствени установи во локалната средина, Центар за социјални грижи

Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

**Соработка со медиуми**

Соработката со медиумите е важен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати, со цел јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што притоа се постигнуваат. На овој начин и

ученичкото творештво и постигањата во разни области добиваат можност за поширока афирмација. Сите активности и настани училиштето ќе ги промовира во соработка со дневниот печат и медиумските куќи.

Со цел промоција на училиштето преку пишани и електронски медиуми редовно ке се информира јавноста за сите активности поврзани со реализација на програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, како и во врска со програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието.

Во училишниот хол ќе се постави еко пано преку кое ке се информираат учениците, наставниците, останатите вработени, родителите и сите оние кои го посетуваат училиштето.

На Facebook страната на училиштето ќе се објавуваат сите активности поврзани со овој проект.

На овој план е планирана соработка со повеќе печатени и електроски медиуми, како што се: Протел, Еко радио, Тв Стар, како и списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет, Росица, дневниот печат.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Секоја спроведена задача , секое реализирање на одредена програма или акциски план, се следи од страна на одговорното лице односно одговорниот тим, кој поднесува извештај со повратна информација за текот на активноста и постигнатите резулати. При тоа се земаат во предвид критериумите за успех како и индикаторите за успешност.

Одговорно лице за следење на акциските планови се директорот и одговорни лица назначени од директорот, стручната служба, државен просветен инспекторат, наставници , совет на родители.

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Целокупната годишна програма постојано ќе се евалуира. Процесот на евалуација го зема во предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Посебно

внимание при евалуацијата же се обрне на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите можат да се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

**25. Заклучок**

Нај значаен документ за работа на училиштето е Годишната програма. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната 2023 / 2024 година. Тука се прецизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, роковите на нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти, како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување. Во изготвувањето на оваа Годишна програма беа вклучени голем број училишни тимови и поединци. Годишниот извештај за работата на училиштето ќе покаже колку сите заедно реално сме успеале во нејзината реализација, се со цел да овозможиме како училиште здрав развој и квалитететен воспитно образовен процес за нашите ученици.

**26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

Комисијата за изработка на годишната програма за работа на ООУ„Никола Карев"- Пробиштип е формирана по предлог на директорот и е со следниот состав

Атинка Барљамова Стојчевска – директор

Голубина Алексова – психолог

Марија Богатиновска – одделенски наставник

Јасмина Горгиева – одделенски наставник

Дарко Даме Тасевски – наставник по информатика

Ана Димитриевска - член на Ученичкиот парламент

23. **Користена литература**

- Законот за основно образование и воспитание;
- Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта;
- Законот за работни односи;
- Законот за јавни набавки;
- Стратегијата за образование 2018-2025;
- Наставниот план и програма за воспитно - образовниот план во училиште;
- Наставните програми по предмети (одделенска и предметна настава);
- Кадровските и материјалните услови на училиштето;
- Најновите сознанија од советувањата, семинари, педагошка литература и пракса и новата концепција за основно образование;

**Потпис на претседател на училишен одбор**

________________________________________

___________________________________

**Потпис на директор**

**Атинка Б. Стојчевска**

**---------------------------------------**

**Датум_____________________година**

**Пробиштип**

# *Прилози*

| *Прилог* | *Содржина* |
|---|---|
| ***Прилог 1*** | **Годишна програма за работа на училишниот одбор** |
| ***Прилог 2*** | **Состав на Училишниот одбор** |
| ***Прилог 3*** | **Годишен план и програма за работа на директорот** |
| ***Прилог 4*** | **Годишен план и програма за работа на Наставничкиот совет** |
| ***Прилог 5*** | **Годишна програма за работа на Совет на одделенски и предметни наставници** |
| ***Прилог 6*** | **Годишна програма за работа на стручните активи** |
| ***Прилог 7*** | **Годишна програма за работа на училишниот педагог** |
| ***Прилог 8*** | **Годишна програма за работа на училишниот психолог** |
| ***Прилог 9*** | **Програма за работа на библиотеката** |
| ***Прилог 10*** | **Годишна програма за работа на советот на родители** |
| ***Прилог 11*** | **Програма на училишен парламент** |
| ***Прилог 12*** | **Програма за хор и оркестар** |
| ***Прилог 13*** | **Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција(ista od programata vo prviot del)** |

| | |
|---|---|
| *Прилог 14* | **План за професионална ориентација на учениците** |
| *Прилог 15* | **План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација** |
| *Прилог 16* | **План за следење и анализа на состојбите со оценувањето** |
| *Прилог 17* | **План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар** |
| *Прилог 18* | **Распоред на дежурни наставници** |
| *Прилог 19* | **Програма за антикорупциска едукација на учениците** |

*Прилог 1*

**Програма за работа на Училишниот одбор при ООУ,,Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување и усвојување на годишна програма и годишен извештај за работа на училиштетео | Усвојување на годишна програми и годишен извештај за работа на училиштетео и предлагање до Советот на општината | Членовите на Училишниот одбор | Август 2023 | Годишна програма и годишен извештај за работа на училиштетео | Реализирање на годишната програма и подобрување на работата на училиштетео |
| Разгледување на приговори молби и барања од родители,наставници и ученици | Почитување на правата на родителите, наставниците и учениците | Членовите на Училишниот одбор | Во текот на учебната 2023/2024година | Поднесени приговори , молби и жалби,Законот | Подобра работна клима и атмосфера во училиштетео |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | за основно образование | |
| Следење на процесот на оценувањето | -Промена на ставот на наставниците кон оценувањето; -Вреднување на континуитетот на оценувањето; -Изработка на етички кодекс на оценувањето | Членовите на Училишниот одбор | Април/Мај 2024 | Анализи и извештаи изготвени од страна на Стручна служба и Директор | Подобрување на оценувањето , изготвен етички кодекс на оценување |
| Упис на деца во прво одделение за учебната 2022/2023 год. | Опфат на сите деца кои се училишни обврзници од реонот на училиштето за учебната 2021/2022год. | Членовите на Училишниот одбор | Септември 2023 | Анализи и извештаи изготвени од страна на Стручна служба и Директор | Запишување на децата кои се училишни обврзници за учебната 2020/2021 година, формирање на паралелки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Интеграција на заштита на животната средина во наставата | Рационално користење на електричната и топлинската енергија -рационално користење на водата -уреден и функционален училишен двор | Членовите на Училишниот одбор | Декември 2023 | Стручна служба, наставници, ученици | Почитување на упатството за рационално користење на електричната енергија, пријатен амбиент за работа, хортикултурно уреден двор |
| Анализа и следење на воспитно образовниот процес | Подобрување на квалитетеот на работната клима и атмосфера во училиштетео | Членовите на Училишниот одбор | Октомври Декември Март Јуни 2023/2024 | Анализи и извештаи за успехот и редовноста на учениците во текот на учебната година | Подобрување на воспитно образовната работа во училиштетео |

***Прилог 2***

**Состав на Училишниот одбор**

***Претседател на училишен одбор: Даниела Ѓоргиев***

| *Состав на Училишниот одбор*<br>*во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип* | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Име и Презиме** | **Својство** | **Претставници од:** |
| ***1*** | ***Даниела Ѓоргиев*** | ***Претседател*** | ***Совет на родители*** |
| ***2*** | ***Емилија Василева*** | ***Член*** | ***Совет на родители*** |
| ***3*** | ***Игор Гаврилов*** | ***Член*** | ***Совет на родители*** |
| ***4*** | ***Марина Милановска*** | ***Член*** | ***Наставници*** |
| ***5*** | ***Соња Даниловска*** | ***Член*** | ***Наставници*** |
| ***6*** | ***Стојна Гичева*** | ***Член*** | ***Наставници*** |
| ***7*** | ***Горан Арсов*** | ***Член*** | ***Основачот*** |

***Прилог 3***

**Програма за работа на Директорот при ООУ,,Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и одржување на наставничкиот совет во врска со разгледување на годишната програма за работа на училиштето и организација на животот и работата на училиштето** | Формирање и одржување на наставничкиот совет и да се организира работата во училиштето, распоред на часови, задолженија, дежурства на наставници и други вработени | Директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставнички совет | Август | Годишна програма за работа на училиштетео | Одржан наставнички совет, направен распоред за часови и се дадени задолженија на наставниците и другите вработени во училиштето |
| **Соработка со локалната самоуправа, Министерството за образование, Бирото за развој на образованието на Р.М.** | Да се оствари соработка со локалната самоуправа, Министерството за образование, Бирото | Директор<br>МОН<br>БРО | Септември | Простории на училиштето, МОН и подрачниот претставник на МОН | Остварена соработка со локалната самоуправа, Министерството за образование, Бирото |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за развој на образованието на Р.М | | | | за развој на образованието на Р.М |
| **Учество во работата на Училишниот одбор и Советот на родители** | Релизирање на Годишната програма за работа на училиштето | Директор Членови на Училишен одбор Членови на Советот на родители | Август Декември Март Јуни | Годишна програма Записници од оддржани состаноци Извештаи | Соработка со Училишниот одбор и Советот на родители и успешно реализирање на годишната програма |
| **Разгледување на водењето на педагошката евиденција и документација во училиштето и формирање на комисија** | Да се дадат упатства за правилно водење на педагошката евиденција и документација во училиштето и да се формира на комисија во училиштето | Директор Стручна служба Наставници | Септември | Дневници, главни книги, досиеја | Правилно водење на педагошката евиденција и документација |
| **Посета на наставни часови** | Да се направи увид во реализирање на наставните часови | Директор Стручна служба | Октомври Декември Март Април | Одделенски дневници Годишни распределенија | Успешно реализирање на наставните часови според наставниот план и програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | според наставниот план и програма | | | Дневни подговки | |
| **Увид на часовите за дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности** | Да се направи увид на тековната дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности | Директор Стручна служба | Октомври | Програми за работа на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности | Подобрување на успехот на учениците и проширување на знаењата на учениците |
| **Организирање на родителски средби** | Информирање на родителите за постигањата на учениците | Директор Стручна служба | Октомври Декември Март Јуни | Одделенски дневниц и извештаи | Поголема соработка со родителите и нивно вклучување во подобрување на наставата |
| **Организирање на натпревари** | Афирмирање на знаењата и постигањата на учениците. | Директор Стручна служба Наставни | Април Мај | Известувања за натпревари МОН,БРО | Здобивање со награди и признанија за постигнатите резултати |
| **Организирање на ученички екскурзи** | Спроведување на ученичките екскурзии | Директор Стручна служба | Октомври | | |

***Директор: Атинка Б.Стојчевска***

***Прилог 4***

**Програма за работа на Наставнички совет при ООУ,,Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**



| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Разгледување на Извештајот и Годишната програма за работа на училиштетео** | Усвојување на годишна програми и годишен извештај за работа на училиштетео и предлагање до Училишниот одбор | Директор Стручни соработници Наставници | Август | Годишна програма и годишен извештај за работа на училиштетео | Реализирање на годишната програма и подобрување на работата на училиштетео |
| **План за распоред на просторот,паралелки, одделенија,наставни часови и раководители на паралелки** | Организација на работата на училиштетео за учебната година | Директор Стручни соработници Наставници | Август | Статутот на училиштето и законот за основно образование | Подобрување и унапредување на организацијата и работата на училиштетео |
| **Следење на воспитно образовната работа и организација на родителските средби** | Анализа на воспитно образовната работа и информирање на родителите за успехот и | Директор Стручни соработници Наставници Родители | Октомври Декември Март Јуни | Одделенски дневник Извештаи од анализите на воспитно | Подобрување на воспитно образовната работа во училиштетео |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | поведението на учениците | | | образовната работа од стручните служби | Подобра соработка и вклучување на родителите во работата на училиштетео |
| **Разгледување на полугодишниот успех и поведение на учениците** | Усвојување на полугодишниот успех и поведение на учениците | Директор Стручни соработници Наставници | Јануари | Полугодишен извештај за работата на училиштето | Подобрување на успехот на учениците |
| **Планирање на учеството на учениците во разни смотри и натпревари, организирање на ученички екскурзии** | Реализирање на спортските и други натпревари. Спроведување на ученичките екскурзии и запознавање на културно историски споменици и знаменитости. | Директор Стручни соработници Наставници Ученици Родители | Април Мај | Известувања за натпревари План и програма за екскурзии | Здобивање со дипломи и награди од натпреварите. Збогатување на знаењата за културно историски споменици и знаменитости. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Утврдување на годишниот успех и поведението на учениците. Организирање на продолжителна настава.** | Анализа на годишниот успех и поведение на учениците | Директор Стручни соработници Наставници | Јуни | Педагошка евиденција | Реализирање на продолжителна настава |

***Директор, Стручна служба и Наставници***
***при ООУ,,Никола Карев“- Пробиштип***

***Прилог 5***

**Програма за работа на Совет на одделенски и предметни наставници при ООУ,,Никола Карев,,-Пробиштип**
**за учебната 2023/2024 година**

| **Планирани активности** | **Цели** | **Реализатор** | **Време на реализција** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти (евалуација)** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реализација на наставните програми за прво тримесечие** | Анализа на реализацијата на наставната програма во одделенска и предметна настава за првото тримесечие | Одделенски совет | Ноември | Одделенски дневници Извештаи | Успешно реализирана наставна програма |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие и договор за родителска средба** | Анализа на успехот и поведението кај учениците | Одделенски совет | Октомври-Ноември | Одделенски дневници Евидентни листови Извештаи | Утврден успехот и поведението на учениците од I до IX одд. |
| **Реализација на наставните програми во првото полугодие како и додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности** | Анализа на реализацијата на наставната програма во одделенска и предметна настава за првото полугодие | Одделенски совет | Јануари | Одделенски дневници Извештаи | Успешно реализирана наставна програма |
| **Разгледување на успехот и постигањата на учениците во првото** | Анализа на успехот и поведението кај учениците | Одделенски совет | Јануари | Одделенски дневници Евидентни листови | Утврден успехот и постигањата на учениците од I до IX одд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **полугодие, ученици со слаби оценки, изостаноци** | | | | Извештаи | |
| **Изрекување на педагошки мерки на ученици кои имаат проблеми со однесувањето** | Разгледување на изречени педагошки мерки | Одделенски совет | Декември | Одделенски дневници Извештаи | Подобрување на поведението на учениците |
| **Реализација на наставните програми во третото тримесечие** | Анализа на реализацијата на наставната програма во одделенска и предметна настава за третото тримесечие | Одделенски совет | Март | Одделенски дневници Извештаи | Успешно реализирана наставна програма |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците во третото тримесечие и договор за родителска средба** | Анализа на успехот и поведението кај учениците | Одделенски совет | Март | Одделенски дневници Евидентни листови Извештаи | Утврден успехот и постигањата на учениците од I до IX одд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ученички екскурзии** | Организирање и реализирање на ученички екскурзии | Одделенски совет | Мај | Правилник за изведување на ученички екскурзии | Успешно реализирани ученички екскурзии |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година, ученици со слаби оценки, изостаноци** | Анализа на успехот и поведението кај учениците | Одделенски совет | Јуни | Одделенски дневници Евидентни листови Извештаи | Утврден успехот и постигањата на учениците од I до IX одд. на крајот на учебната година |
| **Тековни активности(поделба на свидетелства, избор на ученик на генерацијата, ученици со континуирано одличен успех, полуматура, собирање на учебниците)** | Реализирање на тековните активности | Одделенски совет | Јуни | Одделенски дневници Евидентни листови Извештаи | Утврдување и реализирање на тековните активности |

***Директор,Стручна служба и Наставници***
***при ООУ,,Никола Карев“-Пробиштип***

***Прилог 6***

**Програма за работа на Стручните активи при ООУ,,Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - **Формирање на стручниот актив**<br>- **Распределба на фондот на часови**<br>- **Изготвување на годишни планирања**<br>- **Преглед на листата на одобрени учебници** | Функционирање на стручниот актив<br>Распределба на часови<br>Согледување на измени во наставниот план и програма и изработка на годишните планирања<br>Избор на учебници за учебната година | Актив на наставници одделенска настава<br>( I,II и III одд.) и ( IV и V одд.)<br>Естетско јазична група на предмети<br>Природно математичка група предмети<br>Општествена група на предмети по вештини | Август 2023 | Наставни планови и програми<br>Искуства<br>Вкупен фонд на часови<br>Понудени учебници | Упешна соработка на членовите на активот<br>Подобар квалитет во планирањето<br>Правилен избор на учебник |
| **Дискусија и размена на искуства за дневните подготовки и помошна литература** | Изработка на дневни подготовки и избор на помошна литература | Стручни активи<br>Стручна служба | Септември 2023 | Упатства од семинари<br>Дневни подготовки | Соодветно изготвени дневни подготовки и правилен избор на помошна литература |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Расположлив фонд од помошна литература | |
| **Следење на стандардите за оценување и примена на формите за оценување** | Примена на стандардите за оценување и подобрување на оценувањето | Стручни активи Стручна служба | Октомври 2023 | Упатства од семинари Прирачници за стандардите за оценување | Подобрување на унапредување на оценувањето |
| **Следење на работата на слободните ученички активности** | Правилно функционирање на слободните ученички активности | Стручни активи | Ноември 2023 | Програма за работа со слободните ученички активности | Подобрување на работата со слободните ученички активности |
| **Анализа на реализираните часови и пстигнатиот успех во првото полугодие од учебната година** | Согледување на реализираните часови и усвоените знаења во првото полугодие | Стручни активи | Декември Јануари 2023/2024 | Педагошки дневник Годишни планирања | Правилна проценка за реализираната програма и успехот кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Избор на материјали за подготовка на учениците за натпревари** | Подготовка на учениците за натпревари | Стручни активи | Февруари 2024 | Програма за додатна настава Соодветна литература | Успешна подготовка на учениците за натпревар |
| **Разгледување на примената на нови техники и методи во наставата** | Разменување на искуства од примената на нови наставни техники и методи во наставата | Стручни активи | Март 2024 | Прирачници за нови наставни техники Искуства од семинари | Современ наставен процес и зголемен интерес кај учениците |
| **Разгледување на примената на ИКТ современата настава** | Примена на ИКТ во наставата | Стручни активи | Април 2024 | Прирачници за примена на ИКТ во наставата | Поголем интерес кај учениците и подобрена настава |
| **Анализа на резултата од натпревари** | Согледувањер на постигањата на учениците | Стручни активи | Мај 2024 | Резултати од натпревари | Добивање награди и признанија од натпревари |
| **Анализа на севкупното работење во текот на учебната година, реализираните часови и пстигнатиот успех кај учениците** | Согледување на работата на активите во текот на годината и постигањата кај учениците | Стручни активи | Јуни 2024 | Педагошки деневник Годишни планирања Годишен извештај за | Правилна проценка за реализираната програма и успехот кај учениците и согледуваење што треба да се подобри |



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | работа на училиштетео | за подобар успех во наредната учебна година |

**Активи на:** - ***Одделенска настава I,II и III одд.***

- ***Одделенска настава IV и V одд.***
- ***Естетско јазична група на предмети***
- ***Природно математичка група на предмети***
- ***Општествена група на предмети по вештини***

**Стручни активи во училиштето**

| Преглед на стручните активи во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Име и Презиме** | **Реден број** | **Име и Презиме** |
| **Актив на естетско јазична група** | | | |
| 1. | Маријана Е. Кралева | 6. | Ангела Николова |
| 2. | Сашка Миланова | 7. | Новица Арсовски |
| 3. | Александра Наунова | 8. | Христина Митевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Даниела М.Јакимовска | 9. | Катерина Спировска |
| 5. | Бисерка У.Митевска | | |
| **Актив на природно-математичка група на предмети** | | | |
| 1. | Живко Ангеловски | 5. | Сузана Митковска |
| 2. | Стојна Гичева | 6. | Дарко Даме Тасевски |
| 3. | Станка Тасевска | 7. | Иванче Стојковски |
| 4. | Ленче Горгиевска | 8. | Марија Пановски |
| **Актив на општествена група на предмети и животни вештини** | | | |
| 1. | Слободан Петковски | 4.Методија Кралев | |
| 2. | Дејанчо Николов | 5. Горан Гаврилов | |
| 3. | Даниела Петрова | | |
| **Актив на одделенска настава од I, II, III одделение ( деветгодишно образование )** | | | |
| 1. | Соња Даниловска | 5. | Анета Стојанова |
| 2. | Лена Лазаревска | 6. | Даниела Атанасова Ноева |
| 3. | Наталија Јанева | | |
| 4. | Маријан Досев | | |
| **Актив на одделенска настава од IV, V одделение ( деветгодишно образование ) и продолжен престој** | | | |
| 1. | Марија Богатиновска | 4. | Даниела Стојанова |



| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Станојка Гичева | 5. | Маја Стојковска |
| 3. | Јасмина Горгиева | 6. | Марина Миланова |

*Прилог 7*

**Програма за работа на Педагогот при ООУ„Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализција | Ресурси | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и поединечните документи од истата** | Унапредување на дејноста | Педагог | Август/Септември | Стручна литература | Квалитетна и применлива програма |
| **Планирање и програмирање на сопствената работа** | Унапредување на воспитно – образовната дејност | Педагог | Август/Септември | Стручна литература, Годишна програма за работа | Успешна реализација на сопствената програма за работа |
| **Поделба и формирање на паралелки за прво и шесто одделение** | Евиденција и бројна состојба | Педагог Психолог | Мај/Јуни | Поднесена документација | Доследна примена на критериумите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество во планирањето,програмирањето и работата на стручните активи** | Стручна и педагошка помош на наставниците | Педагог | Септември и по потреба | Стручна литература | Професионално усовршување на кадарот |
| **Учество во планирањето, организирањето и работата на Одделенскиот и Наставничкиот совет** | Следење и унапредување на воспитно образовната работа | Педагог психолог директор | Во текот на годината | Извештаи Записници | Конструктивна работа на одделенски и наставнички совет |
| **Советодавно– инструктивна работа со учениците** | Решавање на најразлични проблеми (ученици со посебни потреби, специфични проблеми,со поголем број на слаби оценки, проблем ученици, талентирани ученици и сл.) | Педагог Психолог директор | Во текот на годината | Лист за евиденција на разговор со ученикот Дневник за работа на педагогот Стручна литература | Подобрување на успехот, дисциплината и климата за работа во училиштето |
| **Советодавно– инструктивна работа со родителите** | Советодавна помош и подршка на | Педагог Психолог | Во текот на годината | Лист за евиденција на | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | родителите при решавање на проблемите | директор | | разговор со родителот, Предавања, стручна литература Дизајн на работилници | Подобра соработка и вклучување на родителите во работата на училиштето |
| **Советодавно– инструктивна работа со наставниците** | Работа со наставници-приправници,помош на наставниците при решавање на воспитно образовните проблеми со учениците,помош на одделенските раководители, подршка на наставниците при водење на | Педагог Психолог директор | Во текот на годината | Лист за евиденција на разговорот, Програма за одделенски час, Стручна литература | Подобра соработка со наставниците,унапредување на воспитно – образовниот процес како и на климата за работа во училиштето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | педагошката евиденција | | | | |
| **Стручно и професионално усовршување на наставниците** | Професионално усовршување | Педагог психолог | Ноември/Декември Март/Април | Стручна литература, материјали од семинари, Дизајн на работилници | Современа настава и унапредување на воспитно – образовниот процес |
| **Следење и вреднување на наставниот процес (редовна, додатна, дополнителна настава )** | Унапредување на наставниот процес | Педагог Психолог директор | Ноември/Декември Април/Мај | Протоколи за следење, Формулари од ПЕП проектот | Примена на сумативното оценување и подобрување на успехот кај учениците |
| **Следење и вреднување на воннаставните и слободните ученички активности)** | Задоволувањето на потребите и интересите на учениците | Педагог наставници | Октомври Април/Мај | Протоколи за следење Извештаи | Афирмирање на постигањата и успесите на училиштето |
| **Соработка со стручни установи и институции** | Добивање на стручна помош | Педагог | Во текот на годината | Информации и податоци | Подобрување на состојбите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Следење и водење на педагошката евиденција и документација** | Воочување на недостатоци и надминување на истите | Педагог Психолог директор | Септември/Ноември Декември/Јануари Март,Мај,Јуни/ | Правилник за водење на педагошка евиденција | Правилно и уредно водење на педагошката евиденција |

***Педагог***

***Наташа Гочевски***

***Прилог 8***



**Програма за работа на Психологот при ООУ,,Никола Карев“ - Пробиштип**

**за учебната 2023/2024 година**

| **1. ПЛАНИРАЊЕ , ПРОГРАМИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време** | **Извори и ресурси** | **Очекувани цели и ефекти** |
| **Изготвување на програма за сопствена работа** | Директор/Психолог | Септември 2023 Јануари 2024 | Изготвена програма | Изготвена програма за сопствената работа |
| **Изготвување на програма за професионална ориентација на учениците** | Директор/Психолог | Септември 2023 | Изготвена програма | Изготвена годишна програма за професионална ориентација на учениците |
| **Учество во изготвување ИОП за работа со ученици со посебни образовни потреби** | Училишен тим за ученици со посебни образовни потреби | Септември 2023 | Изготвен ИОП | Изготвена програма за работа со ученици со посебни образовни потреби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици** | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Септември 2023 | Изготвена програма | Изготвена програма за работа со надарени и талентирани ученици |
| **Учество во изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа** | Психолог | Јануари 2024 | Изготвен извештај | Изготвен извештај за сопствената работа |
| **Учество во изготвување на полугодишен извештај на работата на училиштето** | Психолог<br>Тим на наставници<br>Директор | Јануари 2024 | Изготвен извештај | Изготвен извештај за работата на училиштето |
| **Учество во изготвување на годишен извештај за работата на училиштето** | Психолог<br>Тим на наставници | Јуни 2024 | Изготвен извештај | Изготвен извештај за работата на училиштето |
| **Изготвување на годишен извештај за сопствената работа** | Психолог<br>Ментор | Јуни 202 | Изготвен извештај | Изготвен извештај за сопствената работата |
| **Учество во работа на: Одделенски совети, Стручни активи, Училишен одбор, Детска организација.** | Училишен одбор,<br>Наставници<br>Ученици | Септември<br>Јуни<br>2023/2024 | Записници од совети, евиденција присуство на седници | Изготвен извештај |
| | | | | |



## 2.СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА

### А. Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот

| Планирана активност | Реализатор | Време | Извори и ресурси | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во I одд.** | Психолог<br>Тим на наставници | Мај<br>Јуни | Евидентни листи | Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во I одд |
| **Запишување на ученици во I одд.** | Психолог<br>Тим на наставници | Мај<br>Јуни | Евидентни листи | Запишани ученици во I одд. |
| **Формирање паралелки во прво одделение** | Психолог<br>Тим на наставници | Август | Евидентни листи | Формирани паралелки во прво одделени |
| **Следење на адаптација и социјализација на учениците од I одделение** | Психолог<br>Наставници | Септември /Јуни | Евидентни листи | Навремено утврдување на видот на потешкотии на учениците |
| **Откривање на надарените ученици од VI-IX одд.** | Психолог<br>Наставници | Октомври | Список на надарени ученици | Откривање на надарени ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Утврдување на личните карактеристики , степенот на надареност и образовните потреби на надарените ученици** | Психолог<br>Одделенски раководители<br>Предметни наставници | Ноември | Евиденција и долкументација за работата на психологот, резултати од анкети и тестови | Поттикнување на надарените ученици |
| **Откривање на ученици со потешкотии од VI-IX одд.** | Психолог<br>Директор<br>Насатвници | Декември | Список на ученици со потешкотии | Список на ученици со потешкотии |
| **Професионална ориентација на учениците** | Психолог<br>Одделенски раководители | Април | Евиденција и документација за сопствената работа | Реализација на активностите за професионална ориентација |
| **Утврдување на социометрискиот статус на учениците** | Психолог<br>Одделенски раководители | Септември | Анализа на резултатите од социометриската постапка-извештај | Да се превенираат конфликти од потенцијално конфликтни релации меѓу учениците |
| **Посета на часови на редовна настава и вон-настатавни активности на учениците** | Директор<br>Директор | Септември<br>Јуни 2024 | Евидентни листи | Увид во часовите |
| **2.СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА** | | | | |



| Б. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време** | **Извори и ресурси** | **Очекувани цели и ефекти** |
| **Откривање и следење на ученици кои пројавуваат неприлагодено и несоодветно однесување (нередовно ја посетуваат наставата, агресивно однесување, значително го намалуваат училишниот успех и сл)** | Психолог Одд. раководители Наставници | Септември – јуни 2023/2024 | Евидентни листи | Утврдување на бројот и видот на неприлагодено и несоодветно однесување на учениците |
| **Редовни групни тестирања на општи интелектуални способности на учениците од I и IX одд.** | Ученици Наставници | Септември- Јуни 2023/2024 | Тестови, извештај од тестирањата | Увид во интелектуалните способности на учениците |
| **Реализација на работилници за поттикнување и развивање на креативноста на учениците** | Ученици Наставници | Октомври/Ноември 2023 | Сопствена евиденција и документација | Развој и потикнување на креативно мислење |
| **Реализација на работилници од Позитивна Психологија и Емоционална интелигенција** | Ученици Наставници | Декември/Јануари 2023/2024 | Сопствена евиденција и документација | Развој на позитивна слика за себе |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирање на работилници за асертивно однесување** | Ученици | Септември 2023 Февруари 2024 | Сопствена евиденција и документација | Учениците да знаат правилно да го изразат своето мислење и своите чувства |
| **Реализирање на предавања и работилници за здравствена едукација и грижа за физичкото и менталното здравје на учениците** | Ученици Одделенски раководители Наставници Родители | Март 2024 | Сопствена евиденција и документација | Грижа за здравјето на учениците |
| **3. ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ** | | | | |
| **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време** | **Извори и ресурси** | **Очекувани цели и ефекти** |
| **Изготвување на стручни материјали за потребите на училиштето** | Наставници | Септември - Јуни 2023/2024 | Изготвени материјали | Изготвени стручни материјали |

**4. СОВЕТОДАВНО- КОНСУЛТАТИВНА РАБОТА**

| Планирана активност | Реализатор | Време | Извори и ресурси | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Советодавно - консултативна работа со ученици** | Директор Психолог | Септември - Јуни | Евидентни листи | Мотивирање, помош и поддршка на учениците за надминување на одредени појави и однесување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Советодавно- консултативна работа со родители** | Директор<br>Психолог<br>Родители | Септември<br>Јуни | Евидентни листи | Мотивирање, соработка, советување и поддршка на родителите за надминување на одредени појави и однесување на нивното дете |
| **Советување со родители**<br>**Работа со група родители чии ученици нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или пројавуваат различни облици на несоодветно однесување** | Родители<br>Ученици<br>Психолог | Февруари/Март | Евиденција и документација на работата на психологот | Мотивирање, соработка, советување и подршка на родителите за надминување на одредени појави и однесување на нивното дете |
| **5.ОПШТО - СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ** | | | | |
| **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време** | **Извори и ресурси** | **Очекувани  цели и ефекти** |
| **Учество во работата на секцијата на училишни психолози** | Психолози од град Пробиштип | Септември - Јуни | Сопствена евиденција | Сопствено усовршување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Сопствено стручно усовршување едукации, советувања, семинари и обуки** | Стручни лица | Септември - Јуни | Сертификати Сопствена евиденција | Сопствено усовршување |
| **6.ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | | | |
| **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време** | **Извори и ресурси** | **Очекувани цели и ефекти** |
| **Изготвување на чек–листи, листи за бележење, скали на проценка, евидентни листи и сл. за бележење и евидентирање на податоци** | Директор Психолог | Септември - Јуни | чек–листи, листи за бележење, скали на проценка, евидентни листи и сл. за бележење и евидентирање на податоци | Систематизирање на податоците од увидите на педагошката документација, евиденција |
| **Увид во дневникот на паралелката** | Директор Психолог Наставници | Октомври/ Декември 2023 Април/Јуни 2024 | Сопствена евиденција | Да се утврди бројот на изостаноци на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Увид во главна книга** | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Јуни 2024 | Сопствена евиденција | Утврдување на правилноста и навремено внесување на измените и дополнувањата во главнате книги |
| **Изготвување на месечно планирање за сопствената работа** | Психолог | Септември<br>Јуни<br>2023/2024 | Сопствена евиденција | Планирање на месечните активности |

***Психолог***

***Голубина Алексова***

***Прилог 9***

**Програма за работа на училишниот библиотекар за учебната 2023/2024**

Библиотеката е установа,место каде се собираат книги со најразлична содржина и намена,се врши нивно средување , обработување, репарирање т.е. обновување и истите грижливо се чуваат и издаваат т.е се даваат на користење на оние на кои тоа им е потребно и истите се членови на таа библиотека.

Училишните библиотеки,како единици на образовниот систем на училиштата,се наменети за воспитно-образовните и културните потреби на учениците,наставниот кадар и стручните служби.Задачата на библиотекарот е да ги промовира придобивките од читањето книги како збогатување на речничкиот фонд и проширување на знаењата како кај учениците така и кај сите останати корисници на библиотечниот фонд.

Основната цел на училишната библиотека и библиотекарот е да развива и негува љубов и интерес кон книгата уште од најраната возраст т.е.кај најмладата популација.Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето.Во тој контекст училишната библиотека претставува „центар на грави-тацијата“ во царството на знаењето во училиштето.Во библиотеката учениците ќе ги направат првите контакти и ќе остварат непосредна комуникација со книгите,ќе го совладаат и прифатат начинот на нивното користење и чување и истите ќе им послужат за збогатување на нивните знаења.Преку различни форми на работа библиотекарот,во тесна соработка со воспитно-образовниот кадар и стручните служби, успешно и целосно ја остварува својата благородна мисија.

Библиотекарот со своето образование и знаење,професионалните и лични карактеристики и компетенции,организациската спо-собност,работните навики,интеркадровските односи и мотивација,претставува главен двигател во работата и развојот на училишната библиотека.Личните компетенции на библиотекарот претставуваат определен квантум на знаење и способности,ставови и вредности кои му овозможуваат успешно работење и извршување на професионалните обврски.

| Реден број | Содржина на активностите | Носители на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Годишно планирање на работа на библиотекарот | Библиотекар | Август |
| 2 | Прием и заведување на нови,прибирање и средување на учебниците за учениците за учебната 2020/2021година | Библиотекар | Август-Септември |
| 3 | Доделување на учебниците на одделенските раководители и разделување на учениците од I-IX одд. | Библиотекар; Комисија за доделување учебници | Септември |
| 4 | Промовирање на училишната библиотека | Библиотекар; Ученици | Септември |
| 5 | Формирање на секција„Млади библиотекари“ | Библиотекар; Ученици | Септември-Октомври |
| 6 | Обновување на членството и прием на нови членови во библиотеката | Библиотекар | Септември-Октомври |
| 7 | Пласман на детските списанија„Росица“, „Другарче“ и „Наш Свет“ | Библиотекар | Континуирано (Септември-Јуни) |
| 8 | Изнајмување на книги на учениците | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| 9 | Оспособување на оштетени книги и нивно ставање во употреба | Библиотекар; Млади библиотекари | Континуирано (Септември-Јуни) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | Поттикнување и мотивирање на учениците за читање романи,раскази,приказни,песни и други литратурни видови | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **11** | Помош и насочување на учениците при избор на книги за читање | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **12** | Посебно внимание насочено кон учениците за внимателно ракување,чување и заштита на книгите | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **13** | Совладување на техники,методи и средства за стекнување знаења во библиотеката како трајни вредности кои учениците треба да ги понесат од училишните клупи | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **14** | Евиденција и инвентирање(архивирање)на подарени книги | Библиотекар | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **15** | Помош во организирање на наставни часови во библиотеката во рамките на редовната и додатната настава и слободните ученички активности | Библиотекар; Наставници; Стручни соработници | Во континуитет (Септември-Јуни) |
| **16** | Во меѓусебна комуникација ,договор со наставниците за набавка на нова литература за | Библиотекар; Наставници; | Во континуитет (Септември-Јуни) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ученици и наставници, со цел збогатување на библиотечниот фонд | Директор | |
| **17** | Соработка со педагошко-психолошката служба за набавка на стручна и педагошка литература | Библиотекар;<br>Директор;<br>Стручни соработници | Во континуитет<br>(Септември-Јуни) |
| **18** | Ослободување  од непотребните и неупотребливи учебници и расходување на непотребна литература | Библиотекар;<br>Комисија за расход на учебници;<br>Наставници;<br>Членови на Еко-одборот | Октомври |
| **19** | Одбележување на месецот на книгата под мотото„Препорачуваме книга“ | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Октомври |
| **20** | Организирање на литературно читање | Библиотекар;<br>Учениците членови на „Млади библиотекари“;<br>Наставници | Ноември |
| **21** | Подготовка за дочек на Новата Година –украсување на библиотеката со новогодишни украси и препорака на книги со соодветна содржина поврзана со овие празници | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Ноември-Декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22** | Посета и соработка со Градската библиотека заради собирање искуство и унапредување на работата | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Декември |
| **23** | Изработка на полугодишен извештај за работата на библиотекарот | Библиотекар | Јануари |
| **24** | Упис на нови членови во библиотека (за учениците од II одд.) | Библиотекар | Јануари-Февруари |
| **25** | Изработка на украси,честитки и цветови од хартија со оригами техника по повод Денот на жената 8-ми Март | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Март |
| **26** | Посета на Саем на книгата | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Април |
| **27** | Информирање,промоција и евидентирање на новокупените книги | Библиотекар | Април |
| **28** | Одбележување на Денот на трудот 1-ви Мај(читање реферат) | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници | Мај |
| **29** | Изложба на книги кои се најмногу читани во текот на учебната 2019/2020година по повод | Библиотекар;<br>„Млади библиотекари“ | Мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одбележувањето на Денот на словенските просветители Кирил и Методиј 24-ти мај | | |
| **30** | Нарачка на учебници за наредната 2020/2021 учебна година | Библитекар | Јуни |
| **31** | Раздолжување(враќање) на учебниците користени во тековната учебна година од страна на учениците и одделенските раководители | Библиотекар;<br>Ученици;<br>Наставници;<br>Директор | Јуни |
| **32** | Евиденција за вратени/невратени учебници | Библиотекар | Јуни |
| **33** | Евиденција и попис на невратени,изгубени и оштетени книги во библиотеката и надомест за истите | Библиотекар | Јуни |
| **34** | Договор со наставниците и набавка на книги за наградени ученици | Библиотекар;<br>Наставници | Јуни |
| **35** | Анализа на работата на библиотекарот и „Младите библиотекари“ | Библиотекар | Јуни |
| **36** | Средување на книгите и естетиката на библиотеката | Библиотекар | Август-Септември |
| **37** | Анализа за работата на библиотекарот(изработка на годишен извештај) | Библиотекар | Август |

**Прилог 10**

**Годишна програма за работа на Советот на родители**

Цели : Информирање на родителите за работата на училиштето, соработка со родителите и вклучување во активностите на училиштето и преземање мерки за унапредување на работата на училиштето.

| **Планирана програмска активност** | **Цел на активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Презентација на Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2021/2021 година | Запознавање во Програмата за работа на училиштето | Претседател и одговорни наставници | Август | Споделување на мислења |
| Разгледување и усвојување на Програмата за екскурзии | Сознанија за планирањата за екскурзии и посети | Претседател и одговорни наставници | Август | Споделување на мислења |
| Разгледување извештаи од успех | Сознанија за состојбите во учењето | Претседател и наставници | Тримесечија полугодија | Објективно оценување |
| Разгледување на прашања на предлог на родителските совети | Информирање на родителите | Претставници на совети на паралелки | Декември | Разрешување на проблеми |
| Анкета на родителите од Советот од родители за избор на теми за едукација | Понудена анкета | Стручна служба | Ноември | Сознанија за потребите на родителите |
| Учество во избор на екскурзии, обезбедување, | Активно учество на родителите во изготвување | Претседател и одговорни | Јули, септември, | Соработка на родителите и наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| осигурување, сликање и др. | на мени | наставници | април | |
| Реализација на стручни теми | Едукација на родителите | Стручни соработни ци | Април | Подобрување на педагошко психолошките сознаниа на родителите |



| Состав на совет на родители во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Име и презиме** | **Својство** | **Претставници од:** |
| 1. | Изборот ќе се изврши после формирање на паралелките | Член | I |
| 2. | | Член | I |
| 3. | Иле Кралов | Член | II |
| 4. | Дивна Младеновска | Член | II |
| 5. | Емилија Василевска | Член | III |
| 6. | Кристина Цонкинска | Член | III |
| 7. | Наташа Комленовиќ | Член | IV |
| 8. | Елизабета Смиљковска | Член | IV |
| 9. | Саше Зарев | Член | V |
| 10. | Даниел Георгиев | Член | V |
| 11. | Изборот ќе се изврши после формирање на паралелките | Член | VI |
| 12. | | Член | VI |
| 13. | | Член | VI |
| 14. | Наташа Смиљковска | Член | VII |
| 15. | Верица Иванова | Член | VII |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | | | VII |
| 17. | Даниела Горгиев | Член | VIII |
| 18. | Оливер Јакимовски | Член | VIII |
| 19. | Сашка Монева | Член | VIII |
| 20. | Маја Арсенова | Член | IX |
| 21. | Игор Гаврилов | Член | IX |

**Претседател : Маја Арсенова**

*Прилог 11*

**Програма за работа на училишниот парламент**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Ресурси(извори) | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на годишна програма за работа и нејзино усвојување | Септември | Педагог, психолог | Наставна програма од БРО | Донесување на програма |
| Значење на училишен парламент и избор на раководни и други тела | Септември | Педагог, психолог | Годишна програма | Стекнување на едукативни придобивки за развој на демократските принципи |
| Разгледување на правилникот за педагошки мерки | Октомври | Педагог, психолог | Правилник за педагошки мерки | Запознавање на учениците со Правилникот |
| Работилница на тема: Емоционална интелигенција | Ноември | Педагог, психолог | Дискусија, изготвени материјали | Едукација на учениците за важноста од развивањето на емоционалната интелигенција |
| Договор за организирање и спроведување на новогодишниот хепенинг | Декември | Педагог, психолог | Изготвени анкети и понуди | Развој на претприемнички вештини и подигање на повисок степен на општествено корисната работа на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разгледување на полугодишен извештај на училишен Парламент | Февруари | Педагог, психолог | Извештаи | Поттикнување на креативно размислување |
| Договор за организирање и спроведување на активности за Св.Валентин и Св.Трифун | Февруари | Педагог, психолог | Излагање и дискусија | Добро организирана забава за учениците |
| Предавање на тема: Техники и методи за успешно учење | Март | Педагог, психолог | PowerPoint презентација | Успешност во учењето |
| Договор за организирање и спроведување на Велигденски хепенинг | Април | Педагог, психолог | Изготвени анкети | Развој на претприемачки вештини и подигање на повисока свест за општествено корисна работа кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Договор за учество на манифестацијата „Ден на Европа“ | Мај | Педагог, психолог | Излагање и дискусија | Негување на културни вредности и добро организирана забава за учениците |
| Известување за полуматурска забава | Мај | Педагог, психолог | Годишна програма | Добро организирана полуматурска забава |
| Договор за учество во ПХВ проектот | Во текот на годината | Раководство на училишниот парламент | Одговорно лице од Црвен крст | Подигање на повисок степен на општествено корисната и хуманитарната работа на учениците |
| Соработка со НВО | Во текот на годината | Педагог, психолог | Излагање и дискусија | Стекнување на знаења и вештини |

***Прилог 12***

**Програма за работа на училишниот хор**

***Цел:***
Целта на УЧИЛИШНИОТ ХОР е учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за која покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет, учениците се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

***Посебни цели:***
- да создава навика за редовност и точност;
- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот / менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културата на другите народи.

| ***ДЕЛА ЗА ОБРАБОТКА*** | **Конкретни цели**<br>*Ученикот треба:* | **Дидактички насоки**<br>*Наставникот треба:* | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| ***Аудиција*** | *- да е музикален;*<br>*- да има чист глас;*<br>*- да поседува соодветен тонски распон на гласот;*<br>*- да демонстрира една песна по свој избор* | *- организирање на целосна аудиција (формирање на нов хор);*<br>*-распејување;*<br>*-колективно пеење;*<br>*-поединечно преслушување;*<br>*-нотен запис на народната песна „Билјана платно белеше“ како најдобра заради дијапазонот (децима);*<br>*- реаудиција на новопримени хористи/членови* | *- септември*<br>*-во текот на цела учеба година* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***-Основи на вокалната техника*** | *-да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето;*<br><br>*- да дише правилно;*<br><br>*- да применува вежби за дишење;*<br><br>*- да демонстрира распејување* | *- објаснува за основните елементи на вокалната техника;*<br>*- објаснува и демонстрира вежби за распејување;*<br>*- објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фонотoрните органи;*<br>*- објаснува за внатрешен слух;*<br>*- дискутира за пеењето со образложение дека тоа не е само физиолошка туку и интелектуална дејност, а потребно е и емоционално доживување на тоновите за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот* | *- септември*<br>*- октомври*<br><br>*- во текот на целата учебна година* |
| ***„На час по пеење“ – Luigi Kerubini (тригласен канон)*** | *-да дискутира за карактерот на композицијата;*<br><br>*- да дискутира вокална интерпретација на* | *-објаснува за поимот канон и начинот на изведба* | *-октомври ноември* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *канонот* | | |
| ***„Што ми е мило” обработка на Македонска народна песна*** | *- да објаснува за текстот на песната;*<br>*- да дискутира за карактерот на композицијата, интерпретациј а* | *-објаснува за карактерот на песната* | *-ноември*<br>*-декември*<br>*-јануари* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Обавезна композиција за натпревари*** ***(композиција која ја одбира стручна комисија и се доставува во месец октомври)*** | *- да дискутира за формата на композицијата;* *- да се приспособува за интерпретација;* *- да објаснува за карактерот на композицијата* | *-објаснува за начинот на исполнување на композицијата;* | *-јануари* *-февруари* *-март* |
| ***Композиции за патронен празник (песни наменски кои се во согласност со сценариото и целите на прославата)*** | *- да ја идентификува композицијата;* *- да дискутира за карактерот на композиција;* | *- објаснува за изборот на композициите;* *- го анализира текстот на композициите;* *- објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување* | *-февруари* *- март* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Химна на училиштето*** | *- да дискутира за карактерот на композицијата;*<br><br>*- да објаснува за текстот* | *- објаснува за карактерот на композицијата;*<br><br>*- објаснува за начинот на интерпретација* | *- април* |

***Прилог 13***

**Програма за Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

***Тим за Мегуетничка интеграција во образованието(МИО) :***

***-Атинка Б. Стојчевска-директор***

***-Голубина Алексова-психолог***

***- Дејан Николов-наставник***

***-Даниела Стојанова-одделенски наставник***

***- Маријана Ефремова Кралевска-наставник***

| Реден бр. | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Подршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|



| 1 | самостојна активност во училиштето | училиштето | цела учебна година | подобрување на училишната атмосфера и опкружување | наставни планови и програми; наставни материјали | работна група |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | прилагодување на наставните планирања за реализирање на МИО активности преку ОЖВ и други наставни содржини и воннаставни активности | стручни служби и наставници | Август/ Септември | годишни и тематски планирања со вклучени МИО активности | наставни планови и програми; наставни материјали | работна група |
| **1.2.** | активности за меѓуетничка соработка и визија/мисија во Годишната програма | тим за изработка на Годишната програма | Август | Годишна програма | Закон за Основно образование; извештај од работата на училиштето | работна група |
| **1.3.** | изработка на иконографија од мултиетнички карактер – слики и текстови на ѕидовите | стручни служби и наставници | Септември/ Октомври | иконографија со мултиетнички карактер | слики и текстови од мултиетнички карактер | работна група |



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.** | содржини од МИО активности во училишниот весник „Сезнајковци“ | тимот на „Сезнајковци“ | Декември/ Април | училишниот весник „Сезнајковци“ | фотографии; текстови | работна група |

| Ред ен бр. | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Подршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **заеднички активности на наставниците меѓу партнер училиштата - посета меѓу двете училишта; подготовка на информативно видео за нашето училиште.** | **ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица** | **текот на учебната година** | **потпишан Меморандум за соработка** | **финансиски средства** | **работна група** |
| **2.1.** | заедничко планирање на наставата (воннаставните | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип | текот на учебната година | ликовни и литературни творби | наставни материјали и финансиски средства | работна група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | активности – ликовен и литературен конкурс) | ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | | | (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | |
| **2.2.** | заедничко прославување на празници: - по повод Велигден и Бајрам | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | за време на празниците | дружење за време на заедничките средби | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |
| **2.3.** | заеднички хуманитарни акции | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ –Струмица | текот на учебната година | учиниците од двете училишта активно се вклучени во хуманитарната акција | собрани средства | работна група |

| **Реден бр.** | **Опис на активноста** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Ресурси** | **Подршка и следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **заеднички активности на / со учениците** | **ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип** | **текот на учебната година** | **активности на учениците** | **финансиски средства** | **работна група** |



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ООУ„Маршал Тито“ -Струмица** | | | **(обезбедени од страна на училиштето и Општината)** | |
| **3.1** | организирање на „мултикултурен саем на храна“ – во ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип (учиниците со помош на нивните родители подготувуваат по две традиционални јадења и по еден десерт); -подготовка на штандови со традиционална храна и дегустирање на истата | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | за време на новогодишните празници | учиниците од двете училишта активно се вклучени во подготовката на храна | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |
| **3.2.** | еднодневна мултиклултурна работилница -изработка на украси од рециклирани материјали во ООУ„Маршал | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | Март | активно вклучување на учениците во изработките | материјали што се рециклираат: пластика, хартија... | работна група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тито“ – Струмица; -работилницата ќе вклучи: балансиран број на ученици од различните етички заедници, двајца наставници, претставник од совет на родители | | | | | |
| **3.3.** | меѓусебна посета на верски и историски објекти -џамиите во с.Банско и Лесновски Манастир | ООУ„Никола Карев“ – Пробиштип ООУ„Маршал Тито“ -Струмица | Мај | | финансиски средства (обезбедени од страна на училиштето и Општината) | работна група |

***Прилог 14***

**План за професионална ориентација на ученици**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување анкета за интересите и афинитетите на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценка на интересите на учениците |
| Испитување на општи и специфични способности на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценки на способностите на учениците |
| Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители | Март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение и родители | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Индивидуална работа со ученици | Март, април и мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми | Април и мај | Државни и приватни средни училишта | Ученици од IX одделение | Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со преставници на приватни и државни средни училишта |
| Посета на саем на образование | Април | Одговорни наставници | Ученици од IX одделение | Запознавање со најразлични професии |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Примена на тестови за професионална и кариерна ориентација на учениците | Мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Запознавање на учениците со нивните професионални интереси |

***Прилог 15***



**План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Работилници за разрешување на конфликти** | 2023/2024 | Психолог | Евиденција на психолог | Групна работа | Намалување на насилството во целните групи ученици |
| **Советување на ученици и родители** | 2023/2024 | Психолог | Евиденција на психолог | Индивидуално и групно советување | Намалување на насилството |
| **Образование за животни вештини Работилница II-8.1 ,,Насилство стоп,,** | Февруари 2024 | Тим за превенција на насилство | Прирачник , РЛ, прибор за работа | Дијалог објаснување, практична работа | Ученикот препознава видови насилничко однесување и умее да побара помош кога е жртва на насилничко однесување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Образование за животни вештини Работилница II -8.2 Како против насилство** | Декември 2023 | Тим за превенција на насилство | Прирачник,РЛ, прибор за работа., илустрации | Дијалог, демонстрација, практична работа | Намалување на меѓусебните несогласувања и поттикнување на позитивна атмосфера во училиштето |
| **Образование за животни вештини Работилница II-8.2 ,,Како против насилство,,** | Октомври 2023 | Тим за превенција на насилство | Прирачник ,РЛ, илустрации | Дијалог, објаснување играње улоги, набљудување | Надминување на меѓусебните конфликти, нивно разрешување по мирен пат |
| **Образование за животни вештини Работилница II-8.1 ,,Насилство стоп,,** | Декември 2023 | Тим за превенција на насилство | Прирачник РЛ, илустрации | Дијалог, објаснување игра по улоги, набљудување | Намалување на меѓусебните несогласувања и подобрување на социјалната клима во паралелката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Образование за животни вештини Работилница II-10.2 Разрешување на конфликти Конфликтите се скалила** | Октомври 2023 | Тим за превенција на насилство | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување игра по улоги, набљудување | Едулација за разрешување на конфликти и |
| **Образование за животни вештини Работилница** | Ноември 2023 | Тим за превенција на насилство | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување, играње улоги, набљудување | Одолевање на социјални притисоци |
| **Состанок со ученички парламент** | Септември 2023 | Тим за превенција на насилство Психолог | Записник | Индивидуално и грпно советување | Позитивни ефекти кон останатите ученици |
| **Ода на радоста (училишен хор)** | Декември 2023 | Училишен хор | Учебник со партитура | Презентација на песната пред другите ученици | Подобрена училишна клима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изработка на плакат (хармонија – применување на хармонија во функција на идеја** | Октомври 2023 | ученици | Ученички творби, соодветна литература, LCD проектор | изработка на творби интерни изложба | Практична примена на добрите дела во животот |
| **Пријателски ракометен натпревар помеѓу VIIа и VIIб** | Април 2024 | Слободан Петковски | Ракометна топка маркери дресови | Примеена на правила во игра Фер-плеј | Развивање на спортски дух секогаш да победи подобриот |
| **Изработка на промотивен флаер за Намалување на насилството меѓу учениците** | Февруари 2024 | Ученици | Листови, прибор за работа,комјутер, слики | Презентација на флаерот | Развивање на позитивна атмосфера во училиштето |
| **Разрешување на конфликти** | Јануари 2024 | Ученици | Учебник, работни листови | Дискусија ,дијалошки метод | Развивање на толеранција и меѓусебно почитување |

*Прилог 16*

***План за следење и анализа на состојбите во оценувањето***

**Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето** е составен од директор, психолог и педагог и претседатели на стручните активи. Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици. Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

| **Вид** | **Извршители** | **Контрола** |
|---|---|---|
| Главна книга | Наставници | Директор |
| Дневник на паралелката I-III | Наставници | Директор |
| Дневник на паралелката IV-IX | Наставници | Директор |
| Евидентен лист за постигнувањата на учениците | Наставници | Директор |
| Ученичка легитимација | Наставници | Директор |
| Свидетелства | Наставници | Директор |
| Преведница | Наставници | Директор |

## Програма за увид во педагошка документација

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| План за писмено оценување | Септември | Наставници и стручна служба | Документ | Намалена оптеретеност на учениците при реализацијата на писмените работи |
| Процедура за поплаки и жалби за добиени оцени | Септември, октомври | Наставници и стручна служба | Документ | Транспарентност при оценувањето |
| Планирање на тестови и писмени работи | Септември | Наставници и стручна служба | Дискусија, договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; повисок успех на учениците |
| Составување на објективни тест прашања; изготвување бодовна скала; формирање оцена | Октомври | Одговорни наставници | Презентација, работилница, дискусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа на применетите | Септември-Јуни | Одговорни наставници | Презентација, дискусија | Поуспешна изработка и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| објективни тестови | | | | примена на објективни тестови |
| Насоки за доставување на примероци од оценување во наставничките портфолија | Септември-Јуни | Педагогот на училиштето | Дискусија, договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Јануари, Февруари | Директор на училиште, стручна служба и наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |
| Вреднување на ученици со потешкотии во учењето | Септември-Јуни | Стручна служба и наставници | Презентација и дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со потешкотии во учењето |



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на применетите објективни тестови | Мај | Наставничкиот совет, директор, стручна служба | Презентација и дискусија | Поуспешна изработна на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | Јуни | Наставнички совет, директор, стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |



*Прилог 17*

**План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар**

| **Активности** | **Носители на активности** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Временска рамка** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за подршка на планирањето за посета на часови | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови - Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | - Прашалник за наставниците | Септември | - Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови | -директор<br>-стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Дневна подготовка на наставниците | -Инструмент за евалуација на часот | Во текот на годината | -Подобар квалитет при реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Евалуација | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -Програми и подготовки на наставници те | - Прашалник за наставницит е<br>-Обработка на податоците од увид на часовите – пополнети инструмен ти | Јуни | -Зголеменост на ефикасноста на наставата |

***Прилог 18***

**Распоред на дежурни наставници**

*Прилог 19*

**Програма за антикорупциска едукација на учениците**

| **Планирана програмска активност** | **Цел на активноста** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекуванио исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Октомври 2023 | Успешна реализација на програмата и размена на искуства |
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата кај учениците | Пополнување на прашалници од страна на учениците | Наставник предавач | Ноември 2023 | Согледување на предзнаењата кај учениците |
| Предавање за запознавање на учениците со поими од оваа област | Разбирање и препознавање на поимите | Наставник предавач | Ноември 2023 | Запознавање со поимите корупција, антикорупција интегритет и етичност |
| Работилници за антикорупциската едукација на учениците | Активно учество на учениците преку сфаќања или разбирање на поими, настани и слично | Наставник предавач | Декември 2023 | Запознавање со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | препознаваат механизмите за спречување на корупцијата во општеството |
| Работилница: Активна борба против корупцијата | Оивисоки нивиа на знаења кај учениците ( анализа и синтеаза) | Наставник предавач | Февруари 2024 | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на грачанската култураво современото општество |
| Утврдување на знаењата кај учениците за корупцијата и антикорупцијата | Пополнување на прашалници од страна на ученици и активности за повторување | Наставник предавач | Февруари 2024 | Да се утврдат знаењата на учениците |